# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 ноември 2000 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала за седници, со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа со Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ванчо Георгиев, Радмила Шеќеринска, Мирко Иванов и Кирил Настевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Како што е вообичаено ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 72 пратеника.

На седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес во начело, по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2000 година.

Има збор господинот пратеник Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, иако вие сте само претставници, нема кој да полемизира во име на Владата, за одредени ставови кои што ќе бидат истакнати, а по кои што, евентуално, Владата би сметала дека треба да се јави.

Овде, во претходната расправа беше на повеќе пати истакнати важноста на темата за која расправаме и во рамките на тоа, бевме повикани на една сериозност, во поглед на она што е тема да говориме и дури на свој начин се искажа една констатација дека во рамките на расправата опозицијата дава придонес, кој е евидентен, независно од тоа што дава спротивни ставови во однос на одреден концепт, кој што го манифестира ребалансот на Буџетот, со својата содржина.

Оттаму, јас изразувам спремност за една полемика во денешнава моја дискусија, која што, пред се, би ја насочил полемиката, према она што се нуди од Владата и евентуално, во натамошната расправа ако има реплики по она што ќе го кажам во рамките на мојата дискусија. Значи, полемиката е корисна, но најпрво сакам да напомнам дека оние кои што не повикаа на полемика најпрво треба, а тоа е премиерот во својот настап, најпрво треба ним да им укажеме дека со предлогот на ребалансот, тие првенствено полемизираат сами со себе. Значи, станува збор за една полемика, која што ја прави Владата во рамките на својата средина и која што полемика е насочена према себе.

Ова го истакнувам како констатација и ќе го аргументирам со владини документи, кои се поблицирани и кои на одреден начин ја одразуваат планираната економска политика на Владата за 2000 година, а такви документи се првенствено макроекономската програма за 2000 година.

Оттаму, јас во рамките на аргументацијата за ставот дека Владата првенствено полемизира сама со себе, ќе истакнам еден пасус од макроекономската политика, кои се однесува на фискалната политика во 2000 година, а кои што е објавен, во документот кој што носи наслов макро економска политика на Република Македонија.

На страница 5 во делот за фискална политика во макро економската политика стои: "Во 2000 година ќе продолжи политика на побавен пораст на приходите за јавни расходи, во однос на растот на бруто домашниот производ." При тоа, учеството на приходите за јавна потрошувачка ќе се намали за 0,7 проценти поени и ќе изнесува 35% од бруто домашниот производ. Истовремено ќе се обезбеди рамнотежно буџетско финансирање, кај сите корисници на средства за покривање на јавните расходи во земјата. Дефицитот во висина од 4 милијарди денари кој се очекува во Буџетот на РМ, по основ на доспеани обврски, ќе се покрие со користење на средства од меѓународните финансиски институции. Тоа е концептот кој беше вграден во макроекономската политика, која што беше и предмет на информирање

на пратениците и ние како пратеници на почетокот од 2000 година бевме информирани дека во делот на фискалната политика, Владата ќе води, онаква политика, каква што јас ја цитирав од макроекономската политика. Тоа е она што се однесува на првиот аргумент.

Втор аргумент, «ој што би сакал да го употребам во потврдување на мојата констатација дека Владата полемизира сама со себе, е публикацијата која што е објавена од Владата, која што е насловена: "Македонија 2003" и која што имавме прилика сите пратеници да ја добиеме, а која што значи рамковна програма за економски развој и реформи и која што публикација помина низ сите комисии во Владата, а по која се произнесоа над 50-тина експерти од Македонија, кои се занимаваат со оваа област. Оваа публикација е објавена во мај 2000 година, значи е материјал кој што е од скоро применет. Оттаму, мислам дека е во интерес на пратениците да извлечам еден сегмент од оваа публикација, која е Владина публикација, која што е рамковна програма за економски развој и реформи на Владата на РМ.

Во оваа публикација на страница 21 стои дека фискалната политика во доменот на буџетскиот дефицит, во периодот до 2003 година, ќе се заснива врз следниве премиси:

Прво, ориентација кон одржлив дефицит, односно да се обезбеди негово процентуално учество во бруто домашниот производ, кое ќе се стабилизира на саканото домашно ниво, или евентуално, да манифестира тенденција на опаѓање. Ова е констатација која е вградена во рамковната програма за економски развој и реформи, а која што е поместена во делот за трошоци, во врска со финансирање на буџетскиот дефицит. Инаку, добро е објаснето во оваа публикација на кои начин ќе се реализира фискалната политика, почнувајќи од 2000 година, а завршувајќи до 2003 година. Да не заборавиме дека е изработена и публицирана во мај 2000 година.

Ние овде, имавме прилика како пратеници да ги добиеме и мислењата на Владата во месец јули по Законот за акцизи, кој беше предложен од група пратеници, за жал од опозицијата и кој нудеше одредени измени во поглед на даночната сфера, кои се однесуваа на намалување на износот на акцизите за акцизни стоки во висина на воведениот данок за ДДВ. Овде имавме широка расправа, имавме и полемика во тие наши ставови, но тој закон не помина, меѓу другото, заради тоа што Владата имаше негативно мислење, во кое што мислење се произнесе дека Владата не може да го поддржи тој закон, заради тоа што очекува во 2000 година да има проблеми со остварување на приходите за буџетската потрошувачка за 2000 година. Ние тоа го добивме и некои од пратениците од коалицијата, претежно во своите настапи, а тука се и стенограмите го почитуваа тоа мислење и го објаснуваа тоа мислење како експертско гледање на буџетската потрошувачка во 2000 година и заради тоа тој закон не беше поддржан.

Тоа се три факти кои попатно ги спомнав и кои ги насочувам во констатацијата дека Владата по однос на оваа материја, по однос на ребалансот полемизира сама со себе, затоа што Владата мислам дека и сама беше изненадена во изминатиот период од износот на суфицит, кои што се остварува во Буџетот на Република Македонија. Оттаму, тргнувам дека штом се работи за изненадување тогаш не може прописно да се предложат и применат законски мерки кои што ќе ја ублажија таквата состојба, или ќе ја променеа сегашната состојба. Владата во исто време полемизира и со Светската банка и ММФ. Пред мене го имам меморандумот за економски и финансиски политики за 2003 година, кои што е припремен заеднички помеѓу Владата и ММФ. Овој меморандум, да потсетам со кои треба да се склучи аранжманот, кои што толку се најавува, а ние толку го очекуваме и да се склучи, т.е. сакаме да се склучи со Република Македонија.

На страница 4 во точката 12 од меморандумот стои следното: "Големиот фискален вишок во првата половина на 2000 година беше исклучителен и неможе да се одржи со непроменета политика". Ова е констатација која што е дадена во Меморандумот. Буџетот на централната Влада да се насочи кон мал дефицит, 0,2% од годишниот бруто домашен производ за втората половина, кој ќе биде финансиран од приходите од приватизација. Со цел да не се врши притисок на екстерната позиција, или да не се истиснува приватниот сектор, Владата нема да го троши вишокот од првата половина. Така, за годината како целина се очекува за сметка на централната Влада да има вишок од околу 2% од бруто домашниот

производ. Вишокот буџетски средства би требало да биде помал, одразувајќи го трошокот финансиран од странство за програма за изградба на патиштата. За 2001 година за сметката на јавната администрација би било во ред, таа да оди во дефицит за околу 1,2%, од бруто домашниот производ. И понатаму, да не читам се, ги има дадено проекциите за движење на буџетскиот дефицит во 2001, 2002 и 2003 година, ова што се нуди како ребаланс, според оценката и на ММФ, која што јас можам да ја извлечам од овој материјал е работа за која што и ММФ во целина не се согласува.

На крајот ни останува да кажеме дека Владата полемизира и со опозицијата, што е во ред, како што станува збор за буџетски дефицит, кој што е висок и по кој што треба да се каже дали овој Парламент е за буџетски суфицит, или е против буџетски суфицит. Во ред е, ние да се произнесеме по тоа, кој какво, мислење има за таквата ситуација. Најнапред, сакам да истакнам две констатации кои што ги извлекувам од она што се нуди денеска на Парламентот.

Првата констатација е дека висината на вкупниот Буџет е енормно голема и тоа е непримерно за економија, каква што е во Република Македонија.

Втората констатација, која произлегува од првата, но сакав јас да ја дообјаснам дека буџетската потрошувачка има високо учество во бруто домашниот производ. Овде ни беа искажани одредени математики дека тоа не е така. Но, ако се има предвид фактот дека буџетската потрошувачка, или како што макроекономската политика малку пошироко е објаснета јавната потрошувачка, учествува со 35% во бруто домашниот производ. Иако со овој ребаланс се предвидува буџетската потрошувачка да расте со 51%, во однос на она што е планирано во 2000 година, тогаш ова учество од 35% ќе се зголеми за 1%, кој нема да биде 51%, бидејќи станува збор за јавна потрошувачка кој е поширок поим, но сепак, учеството на јавната потрошувачка, во која што партиципира и буџетската потрошувачка, е многу високо и тоа како такво е сепак една мерка, за која 6и кажале дека е непримерна за Македонија, со економија од ваков обем. Ќе се согласите дека навистина е премногу оваа држава, со економија која ја има како таква, со која се располага, да има, или да носи врз себе товар од Буџет во висина од 2 милијарди германски марки. Од прилика е и над тоа.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Даночните приходи по дефиниција се приходи кои директно или индиректно се прибираат од населението. Ако имаме состојба тие како такви да растат за 38% во однос на она што е остварено во 1998 година, тоа многу јасно ни укажува на каков начин се оптоварува граѓанинот во РМ.

Овде ни беше презентиран фактот дека буџетскиот суфицит е историски потфат кој, како таков, за прв пат се случува во РМ по 45 години, дека Владата е пресреќна што остварила буџетски суфицит кој е "слатка мака" како треба да се распредели.

Таа констатација стручњаците од оваа област ги провоцира длабоко да навлезат во анализа и да откријат што е тоа што се случи во РМ во 2000 година за да Буџетот во РМ порасне за 51%. Дали е тоа резултат на оние аргументи кој ги истакна премиерот во неговото воведно излагање или е резултат на една стихијна даночна политика која се практицираше во 2000-та година, сепак е прашање за кое треба да проговориме овде и да го проанализираме. Ако имаме спротивни аргументи да ги фактографираме тие аргументи.

Оттаму, оние стручњаци кои ја познаваат структурата на Буџетот, многу лесно ќе забележат дека во делот на изворните приходи персоналниот данок кој е планиран и приходите од него кои се планирани да се остварат во 2000-та година растат само со 7,1%. Значи, во услови кога Буџетот расте за 51%, персоналниот данок расте само за 7,1%. Оние кои сакаат да го проанализираат приходниот дел на Буџетот можат многу лесно да видат дека данокот од добивка како приход во Буџетот е нешто помал во однос на 1999 година. Овие два претходно спомнати даноци се даноци кои влегуваат во делот на изворните приходи, а кои на соодветен начин ја отсликуваат стопанската активност и ефектите од таквата активност во поглед на формирањето на буџетските приходи.

Ако спомнавме дека персоналецот расте со 7,1%, а данокот од добивка е нешто помал во однос на оној што бил остварен во 1999 год, тогаш дефакто треба да констатираме дека суфицитот не е како резултат на стопанската активност во РМ. Одтаму првиот аргумент кој го истакна премиерот паѓа во вода.

Втор аргумент кој беше спомнат, а кој има свое влијание во формирањето на приходите од Буџетот е енормниот пораст на

приходите од домашните даноци на стоки и услуги. Во приходи од домашни даноци на стоки и услуги влегуваат до 1 април и данокот на промет, а од 1 април наваму данокот на додадена вредност. Нивниот пораст во однос на планираниот е за 31,8% поголем. Тоа беше образложено дека е така заради тоа што Владата на РМ на својствен начин ја елиминира сивата економија во РМ. Да погледаме дали е така и тоа да го проанализираме дали е точно.

Овде во настапот на моите колеги од опозицијата беше објаснето и преку бројки истакнато на кој начин е остварен суфицитот во РМ. Јас тие примери нема да ги повторувам, но кон тие ќе додадам и следното: "Ако станува збор за елиминирање на сивата економија нормално би било да се очекува тоа елиминирање на сивата економија има позитивен одраз и на приходите од акцизи и на приходите од увозни давачки". Затоа што тоа се поврзани активности кои што многу се зависни од тоа дали има сива економија и дали е сузбиена сивата економија.

За прв пат во ребалансот значи во Буџетот за 2000-та год, приходите од данокот на промет и ДДВ се поголеми во однос на приходите од акцизи. Во 1998 година, во структурата на приходниот дел на Буџетот, приходите од данокот на промет 8 милијарди 804 милиони денари, а акцизите беа 10 милијарди 236 милиони денари.

Во 1999 год, приходите од данокот на промет беа 9 милијарди 541 милион, а приходите од акцизи беа 10 милијарди 189 милиони денари. Значи во 1999 год, приходите од акцизи се поголеми во однос на приходите од данокот на промет.

Во 2000 -та година со Буџетот кој беше планиран и кој го утврди Парламентот, приходите од данок на промет и ДДВ се планираа да бидат 9 милијарди и 700 милиони, а приходите од акцизи 12 милијарди 309 милиони денари, за да со ребалансот имаме понуден приходен дел во структурата на Буџетот во следни износи: "Приходи од данок на промет и ДДВ 16 милијарди 884 милиони денари, а приходите од акцизи да бидат намалени за 61 милион денари".

Почитувани колеги, ако станува збор за сузбивање на сива економија, тогаш таквото сузбивање на сивата економија првенствено би имало позитивен одраз во формирањето на приходите од акцизните стоки. Во Буџетот имаме понудена ставка во акцизи која е помала во однос на 1999 година за 61 милион. Дополнително објаснување.

Ако имаме аргументација дека е сузбиена сивата економија, тоа сузбивање на сивата економија би имало позитивен одраз и во приходите од царинските давачки, затоа што тие приходи се планирани во Буџетот и таквото сузбивање би имало позитивен одраз на нивното остварување, значи би се оствариле во поголем износ во однос на она што е планирано.

Уште повеќе кога кај царинските давачки се говори, тогаш мора да се напомене дека увозот во периодот јануари - октомври во РМ расте за 52,1%. Тоа значи и при таков увоз со таква динамика на тој увоз, приходите од царинските давачки остануваат исти.

Да резимирам, ако неможеме да ги најдеме причините за остварување на суфицитот во стопанската активност или како што беше кажано во порастот на бруто домашниот производ овде за 10,4%, ако неможеме да ги најдеме причините во делот кој беше спомнат овде како елиминација 6а сивата економија, тогаш каде е изворот на средствата кои го формираат вака високиот износ на суфицитот?

Изворот на средствата е во исклучиво високо даночно остварување на стапките за базичните потреби, што на кумулативен начин ја оптоварува малопродажната цена на таквите базични стоки за базични потреби. Презентирани се показателите дека кај стоките за базичните потреби поместувањето на цените е за 60% нагоре и во 2000-та година неуспеавме да водиме тековна политика која ќе ја ублажи ваквата ситуација, политика која ќе го заштити животниот стандард на населението, затоа што ДДВ е оптоварување на стоките кои се во промет и услугите, а кое оптоварување се однесува на на широкиот слој на населението. Со неговата примена без корекција на другите закони кои се во сферата на даноците, ние допуштивме животниот стандард на населението да биде послаб за онолку за колку растат цените на мало на стоките кои се за базични потреби. Тоа може преку презентирање на показателите да се образложи и тоа е практично широка материја која, ако треба, и таа ќе се образложи.

Јас сакам да напоменам и овој пат дека навистина жалам што не бевме правилно сфатени кога ги предлагавме двата даноци кои соодветно предвидуваа измена во даночната сфера во РМ. Но, сега кога гледам дека и експертите, а и самата Влада во оваа публикација која ја спомнав на

почетокот ја согледуваат таквата состојба и кои кажуваат дека на страница 30 во делот за модернизација на даночниот систем подглава воведување на ДДВ цитирам "примената на законот за ДЦВ условува промена и во потсистемот на акцизи кои треба да се прилагодени на европските стандарди", значи самата примена на ДДВ условува такви промени во Законот за акцизи кои ќе бидат прилагодени на европските стандарди.

Токму тоа почитувани колеги го нудевме. Нудевме законска материја која беше сообразена со Шестата директива на ЕУ која ги обработува даноците.

Промените кај акцизи ќе се спроведат со нов закон кој ќе се донесе до крајот на 2000 година. Поради почетокот на примената на ДДВ од 1 април 2000 година односно ќе се темели врз искуството на неговата примена. Искуството евего. Суфицит 6 , 5 - 7 милијарди денари по тој основ. Важно е акцизите да бидат еднократен данок, а нивната висина да се сообрази со примената на ДДВ. Во спротивно ќе настапи енормно зголемување на даночното оптоварување на прометот на стоки на кои се наплатуваат акцизи. Тоа што е во спротивно, тоа настана во РМ. Тоа и се случи. Владата тоа го знаеше во мај 2000-та година дека може заради тоа што нема таков однос кон оваа материја да си допушти таков луксуз да имаме таков пораст на стоки кој е неподнослив, пораст на цените на стоки кој е неподнослив за широкиот слој население.

Значи, јас се обидов за она што сметав да го искажам овде, да дадам една аргументација на кој начин и кој е основот за формирање на буџетскиот дефицит во Буџетот за 2000 година. Јасно кажав дека тоа е како резултат, а потврдено и од Владата, на високото даночно оптоварување, а не е резултат на другите аргументи кои беа спомнати во настапите овде од оваа говорница.

Единствено што на буџетскиот дефицит позитивно гледам, како економист, но, за жал, тоа позитивно е под наводници заради претходно спомнатото е фактот дека буџетскиот суфицит по дефиниција има дефлаторен ефект. Тоа на сите економисти им е јасно. Тоа значи дека со формирање на буџетски суфицит на индиректен начин се контролира инфлационата политика во РМ со оглед на тоа што самиот поим на буџетски суфицит упатува на неговото дефлаторно влијание.

Слободен сум овде да презентирам показатели дека Владата на РМ во изминатиот период од годинава, стерилизирала близу 6,5 милијарди денари од паричните токови во Македонската економија. Со самиот факт што таа извршила имобилизација на тие средства од паричниот промет, тоа во исто време значи стерилизација на паричните средства и на директен начин ја контролирала инфлацијата во РМ. Дали беше тоа погодниот метод и на таков начин да се регулира инфлацијата е прашање кое бара пошироко образложување. Но, јасно е дека на таков начин Владата на РМ во 2000-та година со таква политика, директно придонесла да се наруши ликвидноста во Македонската економија, да се наруши солвентноста на македонските претпријатија и да имаме износ од 32 милијарди денари неизмирени, а доспеани обврски. И тука се гледа негативната страна од практицирањето да се формира буџетски суфицит.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Па, оттаму, недржи и аргументацијата, која што овдека беше спомната дека овој буџетски суфицит, во ваков износ, не го товари македонското стопанство. Го товари и тоа како.

Прво, заради тоа што, поради имобилизација на над 6 милијарди близу 7 милијарди денари е загрозена македонската економија. Го товари и тоа како, заради тоа што со примена на Законот на ДДВ, со примена на Законот и некорегирање на другите закони од даночната сфера, а при пораст на цените, кои што се како импулс во македонската економија, директно само во неколку гранки е нарушена нивната рентабилност за 100 милиони марки. Еве како?

Во индустријата и во рударството вкупните дополнителни средства што би требало да се издвојат до крајот на годината како резултат на зголемувањето на цената на енергенсите изнесуваат околу 70 милиони германски марки. Учеството на директните потрошувачи на електрична енергија во вкупната дистрибутивна потрошувачка изнесува околу 35%, а покачувањето на цената ќе предизвика зголемување на материјалните трошоци кај овие субјекти и до 10%. Значи, во индустријата само по тој основ 70 милиони германски марки.

Во земјоделството, тутунското стопанство, прехранбената индустрија и индустријата за пијалоци и дрвната индустрија, со продолжување на пресметување на цената на електричната енергија на зимска тарифа и во летниот

период и со последните поскапувања на течните горива, дополнително ќе бидат оптоварени овие сегменти во ваквите сфери за 27 милиони германски марки. Тоа прецизно е пресметано.

Во градежништвото, на ниво на поголеми градежни претпријатија, ќе бидат потребни дополнителни 14 милиони германски марки, средства за набавка на енергенти и има во сообраќајот и врските пораст на цените, заради овие причини. Во угостителството и туристичката дејност, исто така, што собрано на куп ја преминува цифрата од 100 милиони германски марки дополнителен товар во импутот, во репродукцијата на македонските претпријатија за толкав износ.

Мене дополнително ме интересира во оваа прилика и се надевам дека ќе ми биде објаснето ако до денот на трошење на овие средства од Буџетот, инфлацијата се сузбиваше со стерилизација на парични средства, кој ќе бидат методите за контролирање на инфлацијата во наредниот период. Затоа што, ова што досега се правеше, кога ќе се донесе ребалансот, ќе се навлезе во потрошување на таквите позиции од ребалансот и парите ќе се вратат на свој начин по принципот на редистрибуција на собраните приходи. Но, потребата е да имаме контролирана инфлација и заради тоа ме интересира, кои ќе бидат мерките на Владата во идниот период, штом ова веќе како мерка се напушта за контролирање на инфлацијата во наредниот период.

Тоа е многу битно прашање, затоа што сите се согласивме дека на македонската економија, барем во периодот додека е таа во транзиција, и треба контролирана инфлација.

Сакам да спомнам во оваа прилика дека при мојот настап имав и намера да полемизирам околу одредени термини кои што беа употребени од оваа говорница, а кои што некои од нив воопшто и во економската пракса не се како термини, туку се испревртени термини, како што е, на пример, новосоздадената вредност на Буџетот во Република Македонија. Или за бруто националниот доход. Но, ќе се воздржам од таквата полемика, со оглед на тоа што на седницата не присуствува човекот кој што ги искажа таквите економски категории. И би било непримерно од мене во отсуство на тој човек, односно премиерот да полемизирам околу одредени термини кои што се познати во економијата, а премиерот да не биде присутен тука.

Затоа, да завршам, со констатацијата дека мојот став по однос на буџетскиот суфицит, овој суфицит кој што е остварен на ваков начин е негативен, затоа што низ праксата за формирање на енормно високиот износ на буџетски суфицит, станува збор за дополнително оптоварување на широкиот слој на граѓаните на начин кој што, навистина, го загрозува нивниот животен стандард. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Бузлевски Димитар.

Има збор господинот пратеник Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани колеги, темава е многу важна, исклучително важна и колку темава е важна, толку беше неважно и несериозно образложението на почитуваниот министер за финансии во врска со образложението што го даде за итноста, затоа што така фино, кратко и едноставно ни кажа дека се собрале пари вишок во Буџетот на средствата и тие треба да се распрделат, се ближи крајот на годината. И, затоа 10 или 15 часа порано, пред седницата ќе им биде доставено на пратениците извештајот или ребалансот направен, измените на Буџетот што се предлагаат, а во тие 15 часа, 8 до 10 часа и оние од ноќните часови за спиење и пратениците, се разбира, мора да прифатат веднаш, веднаш да расправаат за Буџет, каде што во ниту една земја не се дискутира помалку од три месеци за буџетски измени од ваков карактер или за усвојување на Буџет. Меѓутоа, министерот има право, се разбира, така да се однесува, ако тоа му го дозволува Парламентот, претседателот на Парламентот итн. Ако Парламентот по којзнае кој пат уште еднаш се множи самиот себе си со нула. И, се додека Парламентот така се однесува, министрите немаат причина поинаку да се однесуваат. Тие си ги гледаат, се разбира своите термини, времиња кои што ги имаат на располагање и вреднувања на нештата. Но, да повторам, за тоа не е виновен ни министерот, виновен е Парламентот, се разбира.

Сега, имаме овде едно прашање од таканаречен суфицит повеќе од 400 милиони германски марки, една парада во Републиката, политичка парада, која што

сака да каже дека Владата собрала многу, многу повеќе средства отколку што планирала и требало или дека, всушност, работела многу домаќински и заради тоа домаќинско работење собрале 400 и два - триесет илјади германски марки, а до крајот на годината ќе се соберат можеби уште стотина и двесте и така Владата заради домаќинското работење ќе собере дури 600 милиони германски марки.

Овој суфицит, овој таканаречен суфицит ако се погледнат бројките, ќе се покаже дека всушност не е таков суфицит и тоа е совршено јасно, затоа што околу 6 милијарди денари од вкупните 13,7 се собрани по основ на Законот за додадена вредност, промените што настанаа во фискалниот систем преку воведувањето на тој закон, 2,8 милијарди се таканаречени неданочени приходи, некаде околу 3 милијарди. Но, тие неданочени приходи се, всушност, продажба на фирми што се извршени во текот на минатата година, така што таа ставка неданочни приходи е јасна и 5,4 милијарди денари се трансфери и донации односно само донации од странство односно подароци од странство. Овие две ставки подароците од странство околу 5,4 и продажбата на фирмите, се некаде околу 8,2 милијарди и до 13, остануваат некаде меѓу 5 и 6 милијарди. Неданочените приходи односно продажбата на фирмите, парите од продажбата на фирмите и донациите, просјачењата што ги изврши Македонија, заради ситуацијата во која што се наоѓаше, ама немаат баш никаква врска со фискалниот систем на Република Македонија и немаат никаква врска со никакво домаќинско работење на Владата.

И, сега, ако влеземе во оние 6 милијарди кои што се наставката данок на додадена вредност и ако од таму се расчлени од каде пристигнале тие пари околу 5 или 6 и повеќе, отколку што било планирано, лавовскиот дел сигурно ќе падне на акцизните производи, каде што првобитно не беше планирано да се задржи и акцизата и 19-те посто од ДДВ и ќе се види дека тоа се испумпани пари. Тоа што е врзано со фискалниот систем само, главно, преку тој инструмент. Тоа пак колку позитивни и негативни ефекти има, е друго прашање и за тоа понатаму малку ќе се задржам.

Е, сега, оваа парада која сака да каже дека Македонија има близу половина милијарда германски марки вишок пари од една страна, а од друга страна во истиот период молеше донации од странство речиси 5 милијарди во денари, треба да си го поставиме прашањето, всушност оваа парада која што се сведува на земање кредити за имиџ, како што беше истакнато, се поставува прашањето како се чувствуваат сега донаторите на Република Македонија, кои што ги молевме да ни дадат пари за да ги затвориме платно билансните битки во нашиот платен биланс и оној недостаток планиран од 4 милијарди денари првобитно планиран во Буџетот на Република Македонија. Како сега тие, оваа за домашни потреби прикаска подготвена од Владата, од Министерството, дејствува сега врз тие што ја слушаа, се разбира и надвор, и како сега ова ќе дејствува, на пример, еве на Холандија, која што се спрема да ни даде уште 10 милиони долари подарок, се разбира, ако го потпишеме Договорот со ММФ и со Светската Банка. Ќе делува мошне, мошне разочарувачки за странските донатори. Ние, овде имаме пракса дека имаме многу, многу пари заштедено, а од нив од друга страна бараме да ни ги пополнуваат дупките во платниот биланс и да ги закрпуваме претходно планираните недостатоци во Буџетот на Република Македонија.

Под претпоставка, пак сега, да е ова Буџет вистински суфицит во Буџетот на РМ, да речеме дека е вистински суфицит, иако овие бројки говорат дека не е тоа што е совршено јасно, но, за прикаската на Владата еве да прифатиме дека е вистински суфицит, следи прашањето, дали е добро што има, ако има, ваков пораст на Буџетот од 27, нешто повеќе, отколку што е планираното. Дали е добро? Би било добро, прво, ако е добро да се зголемува учеството на Буџетот во бруто општествениот производ и вкупните јавни расходи на Републиката. Би било добро, ако е добро тоа, арно ама не само јас, туку многу знаат луѓе дека тоа не е добро. Дека не е добро да се зголемува учеството на Буџетот и на вкупните јавни расходи во бруто општествениот производ на Република Македонија. Не е добро, затоа што нема подлога македонското стопанство тоа да го издржува. Не е добро, затоа што тоа учество на јавните расходи во Република Македонија во бруто општествениот производ денеска е над 40%. Компаративно, ако направиме анализа, ќе може да констатираме дека над 40% учество на јавни расходи во бруто

општествен производ имаат поразвиените држави. А, дека многу помало учество во бруто општествениот производ, имаат помалку развиените држави. Земете список на сите држави преку информациите, билтените на ММФ и ќе видите дека таму сите држави што се приближно на нашето ниво на развиеност имаат под 35, се разбира, со исклучоци и со држави кои што нерационално се однесувале од источниот блок или Југоистокот, каде ќе најдеме држави кои што имаат приближно исто учество, дури и повеќе на јавните расходи во бруто општествениот производ. Велам, на пример, од овие седум држави од Југоистокот или Западниот Балкан. Таму ќе најдеме пријатели во врска со оваа ставка. А, со некои други на исто ниво на развиеност, многу помалку ќе најдеме подлога, затоа. Значи, не е добро да се зголемува учеството на јавните расходи во бруто општествениот производ под претпоставка овие пари да ги третираме како фискален вишок на Република Македонија, а јас веќе кажав што мислам во врска со тоа.

Второ, ова би било добро ако е добро државата да имобилизира околу 500 милиони или до крајот на годината 600 милиони германски марки, во текот на годината постепено ги собира, ги имобилизира тие пари, значи извесен период ги чува, а потоа како газда се појавува да ги дели по својата милост за оваа или онаа потреба. Тогаш, ако е тоа добро, па би било добро да се создава и ваков суфицит, условно наречен, во Буџетот на Република Македонија. Ама, тоа не е добро, затоа што парите што тие ги создаваа, што ги создаваа други, им се ставаат на располагање на бирократите, а никогаш бирократите подобро не можат да стопанисуваат со парите поодговорно, отколку тие што ги создаваат парите. Значи, овој суфицит би бил добар ако е добро да располагаат луѓе што не ги создаваат парите, а тие што ги создаваат парите тие да имаат можност да располагаат со помалку пари. Значи и од тој аспект не е добар овој суфицит, под претпоставка, пак да е суфицит, бидејќи еден дел, сепак, е суфицит. Се разбира, но, не целиот вака како што е прикажан овде на овој начин.

Потоа, се поставува и следното прашање за луѓето што ја креираат економската политика, заради вака комулираните пари. Колку поради овој суфицит, всушност, колку дел од изворите на овој суфицит се извори на двоцифрената инфлација што веќе ја имаме на годишно ниво во Република Македонија, на изворите за двоцифрената инфлација. А, овде немаше во ниту еден документ усвоена политика во Република Македонија, која што ќе оди кон создавање на двоцифрена инфлација во Република Македонија. Значи, колку изворите или дел од изворите на овој суфицит притискале да се појави оваа двоцифрена инфлација или со дел да учествуваат во создавањето на оваа двоцифрена инфлација.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Затоа што јасно знаеме дека дел од овие пари се собрани со данокот на додадена вредност додаден на акцизите кои што беа, знаеме дека таму учествуваат енергенсите со многу висока стапка, нафта, нафтени деривати итн. и други важни производи, знаеме дека тие производи се инпути во стопанството, во производството им ја зголемуваат цената на чинењето на производите во стопанството и се разбира тие влијаат и инфлаторно на порастот на цените во Република Македонија. Значи и од тој аспект не е добро од изворите од кои што е создаден овој суфицит не е добро што се појавил овој суфицит.

Следно прашање, поради таа инфлација сега што се појавува како резултат и на дел на вака собираните пари во услови на безусловна одбрана на девизниот курс ја влошуваме конкурентноста на нашето стопанство на странските пазари. Затоа што инфлацијата се пушта, или се прави да стане двоцифрена. Во исто време таму имаме стерилизирани пари кои што чекаат за интервенција на девизниот курс, па дел од овие пари ќе се додадат таму уште за интервенции во наредниот период, ако курсот почне да се ниша, не може да се брани, курсот ќе го браниме безусловно, затоа што бара уште таа политика да ја води Меѓународниот монетарен фонд, па пуштаме двоцифрена инфлација која што ја правиме и преку ваквиот начин на собираше на средства. Значи логично се поставува прашањето како тоа ќе се одрази на нашиот енормно висок трговски дефицит во Република Македонија. Ќе се одрази негативно, тоа е совршено јасно, затоа што се напаѓа уште еднаш конкурентската, ниската слаба конкурентска способност на нашето производство на странските пазари. Значи и од тој аспект ова што се случува со ваква политика не е добро. Не е добро, ако имаат аргументи креаторите на економската

политика нека кажат дека нема проблеми од тој аспект, ама тешко со математиките и бројките ќе се случи тоа. Следи и следното прашање, колку овој суфицит има учество во 31 милијарда денари, или во едната милијарда денари неизмирени обврски помеѓу фирмите од една страна и помеѓу фирмите и државата која што им должи, или взаемно си должат меѓу себе, а таа е огромна бројка на достасани, а не измирени обврски која што постојано расте и во овој период е порасната за повеќе од 25, 26, 27%, ми се чини ако се сеќавам точно на бројката за едногодишен период. Тоа е огромен раст на неизмирените обврски меѓу фирмите и меѓу фирмите и државата и обратно државата и фирмите. Колку сега ова учествува ако се испумпуваат пари се разбира од стопанството, државата ги држи на некои сметки, не ги враќа редовно како што следуваат обврските, не ги покрива сите свои обврски, туку чека обврски да прикаже како суфицит, тоа не е добро за стопанството. Значи и од тој аспект ова не е добро, за да пари се испумпани со еден дел од овој таканаречен суфицит. Затоа што како може, на пример се вели во приказната во новините што е пуштена од Министерството за финансии, фина тактика на популаризирање се разбира на своите политики, немам замерка за тоа под претпоставка да се тие добри и искрени се разбира, меѓутоа како може, таму се вели дека ќе му бидат вратени 12 милиони германски марки за заостанати обврски на буџетски институции кон стопанството. Сега, заостанати обврски? Сега следи прашањето, како заостанатите обврски на државата се истовремено цифра за суфицит во државата. И од оваа година и од минати години и од оваа имате обврски, тоа не може да биде суфицит на државата, обврски. Тоа значи дека сте ги скриле обврските, расходите во претходното искажување на обврските на државата. Тие не можат да се појават туку така, тие секогаш постоеле, бидејќи две страни се на билансот, тие не можат да се сокријат. Еве сега на овој начин излегуваат. Значи тие не можат да бидат суфицит. Но, јас го поставувам и следното прашање. Вие велите ќе бидат вратени 12 милиони германски марки, ама јас знам дека вие само на една фирма и должите 20 милиони германски марки, преку да речеме другите јавните фондови кои што ги направивте составен дел на Буџетот преку трезорскиот систем, само на една фирма и должите 20 милиони германски марки, а вие велите: ќе им вратиме 12. А ако се соберат сите тие долгови на државата преку тие јавни фондови здравствени, пензиски, трети, четврти, петти што постојат, сите обврски, ќе испадне дека треба многу повеќе пари сега да вратите таму за да си ги извршите обврските, па на тој начин можете да прикажете и поголем суфицит од овој. Значи тоа не е точно, а тоа е суфицит. Како можат да бидат суфицит 4,5 милиони германски марки заостанати детски додатоци плус во оваа сума се тука што се собира, како можат да бидат суфицит 8,1 милиони германски марки обврски по основ на данокот на додадена вредност. Па вие по Законот имате обврска веднаш да им ги вратите на фирмите тие пари. А овде заостанати. Па вие ги пишувате во вашето четиво кое што е популаризирано во весниците.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ.**

Вие тоа не сте го разбрале.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Можеме да седнеме да го читаме заедно, па ќе ми објасните дека македонскиот јазик не е македонски јазик и тоа што пишува, не пишува, туку пишува нешто друго. Потоа 5,2 милиони германски марки како може да се вишок за придонеси на вработените, заостанати придонеси во оној фонд таму што исто го собравте во Буџетот, во трезорскиот систем, како можат да бидат вишок 9,7 милиони германски марки заостанати пак за социјални случаи, што требало да бидат платени од порано, значи ќе бил испразнет Буџетот ако на време се плаќале, како можат 11,9 милиони германски марки неизмирени обврски на невработени, по законите на овој Парламент што ги носел и Владата што ги предлагала и тие се вишок во овие суми. Само овие неколку ставки што ги спомнав излегуваат преку 50 милиони германски марки, а гарантирано има уште многу такви заостанати обврски, да не спомнуваме фирми на кои што им должи Владата па ги уценуваат поедини бирократи, па им велат: нема да ви ги платиме тие пари сега ако не ни отстапите толку, ако не ни дадете дисконт, или ако не му ја наполните торбата на рекетарот што е пуштен од некого. Тие примери ние ги знаеме, ние комуницираме со луѓето, да не спомнуваме сега овде по имиња рекетари кои што ги уценуваат фирмите да го намалат барањето кон државата и потоа фирмите ќе работат успешно, а ние ќе имаме суфицит заради тоа, бидејќи сме ги приморале со политички притисок барањето да си го намалат за 30, 40, 50%. Тоа не може да биде добра политика. Овде г-дине министер вие мора да интервенирате жестоко. Таму сте вие еден од економистите, вие се залагате за пазарна

економија, вие мора да реагирате на тие диви упати на тој начин во фирмите. Вие не можете да дадете изјава: нема целосно да ја ревидираме приватизацијата, ама неколку така примери на ревизија ќе направиме на приватизацијата. Тоа од вас да речам јас лично не сум го очекувал, не сум го очекувал затоа што сум очекувал нешто друго. Од некои други таму можам да очекувам секакви изјави, од вас не. Вие треба да ги заштитите фирмите, преку Министерството за финансии, треба да се остваруваат реформите во оваа држава, тоа треба да ги истурка сите и тоа да се спротивстави на сите луѓе кои што се мешаат во стопанството на еден крајно непримерен по непримерен  начин, поголем начин отколку во еднопартискиот систем. Вие ги знаете добро и фирмите кои се од кого се бара рекети, од кого се бара намалување на побарувањето на тие фирми кон државата. И затоа треба да реагирате жестоко, инаку не треба да седите во оваа Влада, не ви личи вас со тоа да се согласувате. И вие треба да го натерате премиерот таа политика да ја спречи, затоа што какви реформи, каква Европа, какви кисели краставици, ништо од тоа нема да биде. Сега ќе вратите и 31 милион германски марки на Стопанска банка преку обврзницата, 90-те што ги земавме, 30 ќе им вратите на купувачите на фирмите, па нема да бидат 90, ќе бидат 60 веќе продадена фирмата, бидејќи обврските ги лапна државата, сега ќе му ги вратиме набрзина на овој начин. Јас не велам да не се стабилизира, таа стана приватна компанија на еден странски сопственик, ама тие 31 ако биле обврски на државата земени со договор, неможат да бидат истовремено и суфицит во Буџетот на државата па и тие да ги додадеме на овие пари итн. Не ги знам тие математики, тие се добри вака за пропаганда, прекрасни се, но тоа не е тоа.

Следи друго прашање, колку дистрибуцијата на овој суфицит сега вака како што е, затоа што сега се концентрира и во еден период треба да се дистрибуира тој суфицит ќе произведе шокови врз агрегатната побарувачка, односно поттикнувањето на инфлационата спирала и натамошното хендикепирање на извозните контигенти. Затоа што ако се собрале пари па сега преку социјални трансфери, преку директни незнам наеднаш враќање и интервенции, тоа се шокови врз агрегатната побарувачка. Шоковите врз агрегатната побарувачка не можат да не делуваат инфлаторно. Тие не се рамномерно распределени. Значи и од овој аспект овие пари на овој начин  вака прикажувани не се добра работа за економската политика на Република Македонија. Вие можете да давате оптимистички изјави за движењето на инфлацијата, вие можете и да ја задржите покрај сите овие шокови на страната на побарувачката и други шокови што ги доживеа стопанството. Ќе ја задржите, затоа што ќе кажете: курсот ќе го заковаме на 31 германска марка, нема да мрдне, ќе го браниме по секоја цена, ама тоа не е добра економска политика, тоа има други реперкусии. Со тоа едно ќе обезбедите, ама друго ќе расипете во макроекономската политика и биланси на Република Македонија. Дали овој распоред на парите  сега ја подобрува структурата на јавните расходи, за да кажеме дека од тој аспект еве има некоја поправка. Од она што може да се види зошто служат парите, како ќе се распоредат, не гледам дека и тука се прави нешто подобрување, затоа што ние имаме многу лоша структура на јавните расходи во Република Македонија кое е констатирано во сите извештаи на ММФ, Светската банка во преговорите што ги водите, а таму може да видите дека една третина дури од јавните расходи се платите на јавната администрација, ми се чини 15,16 милијарди денари годишно, една четвртина се социјалните трансфери, тоа е висок процент во споредба со нормализирани економии, на пример Буџет, јавни расходи итн. Па имате многу ниско учество на стоките и услугите за буџетските корисници поради што тие не можат да си ја вршат својата работа успешно, немаат услови, па имаме многу ниско учество на капиталните трошоци во јавната потрошувачка во буџетите, а овие средства вака распоредени не гледам дека го поправаат и ова прашање на овој начин како што се поделени. Значи тука можеби можело нешто поинаку. Се разбира кога разговараме за ова прашање би дошол да речеме на тезата на Демократска алтернатива дека треба да се дадат овие пари во некој фонд инвестиционен, за да таму се употребат за развој. Ама јас на ДА, односно на луѓето, не на ДА, има прекрасни луѓе и одговорни луѓе во таа партија, но на тие што најконкретно работат не би има дал пари повеќе ништо. Ако земеме како ги трошат парите преку Агенцијата за обнова и развој, ни еден денар повеќе. Да се делат пари на избори со договори, тоа е многу опасна работа. Инаку не е лоша идејата да се убризгаат повеќе пари за инвестиции во стопанството. Па од тој аспект заради таа опасност повеќе ќе ја подржам лично оваа линија да се вратат обврските, социјални итн., што постојат.

Значи тие работи треба многу по одговорно да се прават, затоа што формиравте фонд и пари делите како ќе стигнете надвор од сите процедури, надвор од сите тендери, надвор од сите банкарски експертизи и т.н. И затоа тој концепт е опасен.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата, имам голема чест во ваше име и во мое име да ја поздравам делегацијата на Полско - Македонската парламентарна група на Република Полска на чело со г-дин Јержи Закржевски претседател на групата која што сега влегува во галеријата. (Аплауз).

Полската делегација се наоѓа во неколкудневна посета на Република Македонија.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Понатаму, веќе го спомнав тоа, меѓутоа вие ако парите од продадените фирми ги третирате како фискални приходи и како вишок во Буџетот, тогаш до година бидејќи се спремате да го продадете Телеком, Електростопанство, вам ќе ви се соберат такви вишоци што можеби не забележува ниту еден Буџет во Европа и во Светот, затоа што тоа се големи и големи цифри. И вие ќе ги прикажете како вишоци и идната година по оваа методологија, по оваа логика. Инаку идната година ние ќе имаме да речеме 600 милиони марки од Телеком, или незнам милијарда и колку ќе стигнат транши, први, втори, трети, петти од продажбата на Електростопанство, иако тоа е друга тема и тоа ќе биде вишок и ние ќе си го делиме тој вишок како што сега парите од фирмите ги транспонираме во потрошувачките грла на различни субјекти, а всушност го продаваме капиталот на фирмите, наместо тоа да оди за развој на тие фирми, или за вработувања како што и предвидуваше Законот за продажба на претпријатијата на општествениот капитал, тие ги правиме ние сега потрошувачка. И замислете потрошувачка да ја направиме 600-те милиони од Телеком ако се земат и другите нешта итн. По оваа логика се разбира вие сега можете да ми одговорите друго, дека тоа не се планира, дека нема да биде така, ама сега оваа логика овде зборува за тоа. Сега беше исто така во фалбаџискиот тефтер на Министерството и на премиерот кажано дека странските долгови биле намалени во Република Македонија и тоа било голем резултат исто така на оваа Влада, на домаќинското работење. Долговите господа, податоците треба да бидат од истите извори се надевам изнесуваат вака. Во 1991 година биле 922 милиони долари, 1992 биле милијарда и 24, во 1993 биле милијарда 143, 1994 биле милијарда 257, 1995 биле милијарда 437, 1996 биле милијарда 172, ни отпишаа, ни простија тие што ги молиме таму, Лондонскиот клуб ни отпиша ми се чини таа година 350, 360 милиони долари. Па имаме во 1998 милијарда 398, 1999 милијарда 424, 2000 милијарда 432 краткорочните и долгорочните и плус 60 до 70 милиони краткорочни, имаме вкупно една милијарда и 510 долара долг на Република Македонија, а не милијарда 3 и нешто колку што рече во своето излагање премиерот, имајќи експозе во врска со оваа материја. Значи долгот расте, а странците читам во нивните извештаи предвидуваат дека во 2001 ќе имаме милијарда и 600 ако се остварат договорите и тоа што ќе ни го дадат. Значи имаме континуиран раст. Во фалбаџискиот тефтер беше и тоа дека оваа Влада вратила најмногу, многу повеќе од сите други и тоа се концентрирало сега и тоа било голем напор кој што се остварил. Па еве како стојат работите и на тој план. Биле вратени 1992 само 13,8 милиони, приликите ги знаете, 1993 15 милиони кома 7, 1994 140 милиони, кома 7 биле вратени 1995 46, 1996 година 145,4 милиони долари, 1997 година 125, 1998 биле вратени 140 милиони, 1999 биле 153, малку повеќе од овие, ама не многу, значи ништо тука нема, а 2000 година за шестте месеци 57, ќе видиме до крајот на годината колку ќе бидат вратени или Македонија отплатила за целиот овој период 760 милиони долари. Но, за фалбаџиите на економската политика и за успесите на Македонија треба да се каже дека на Македонија и биле одобрени сите овие години од тие што ги молиме една милијарда и 73 милиони долари од кои што искористила 765. Значи сите пари што ги вратила Македонија во овој период ги вратила со помош на тие што ни ги дале да ги вратиме овие пари, а донациите и другите технички помошти итн., тоа било екстра што го добила Македонија во овој период за некои поправки на македонските дупки биле направени на тој начин и крпења на некои ситуации во животниот стандард во Република Македонија. И ова го спомнувам за да ви кажам дека се опасни изјавите од одговорни лица на Македонија, дека догодина можеби нема да ни треба Меѓународниот монетарен фонд, дека не ни можеме и да ја прекинеме соработката со ММФ, дека Македонија се оспособила наводно самостојно сега без соработка на овие институции. Тоа се опасни изјави кои што се дадени или од незнаење, или пак од овие потреби за домашната публика за да

остават впечаток како сега ние работиме добро. Но, тоа ќе го платиме после, жестоко ќе го платиме.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Македонија со трговски дефицит е од 600 милиона долара. Со зголемување на таа маказа, со невидливи приливи кои што доаѓаат, ние крпат ситуацијата, невидливи приливи, со донации, исто така ни ја крпат ситуацијата, исто така со кредити. Не смее да се даваат такви изјави, бидејќи ако не откачат, треба да трчаме пеш, да ги молиме, повторно да не закачат. Во тоа бидете убедени. Затоа што ние, во овие реформи, досега што ги направивме, ги направивме под нивен притисок. Овде нема доволно одговорност да се извршат реформите. Ако тие не не притискаат, буџетски заштеди, вакви рамнотежи, вакви и онакви, кој знае што ќе се случеше овде, во нашава држава со нашата неодговорност, што ја имаме. Тоа се многу сериозни изјави, што треба внимателно да се кажуваат. Министерот за жал, даде таква изјава, се надевам не мисли сериозно и тоа ќе го исправи во понатамошниот период и ќе се внимава на соработката со ММФ и со Светската банка, бидејќи уште многу ќе ни требаат.

Во фалбаџискиот тефтер имаше и за стопанските движења како се добри во Македонија, како економијата е добра итн. Има индикатори кои што можат да се извлечат, од вкупните, кои што можат да кажат дека некои работи тргнале. Меѓутоа, битните индикатори се лоши. Некои стануваат полоши. Македонија има длабока интерна и екстерна нерамнотежа. Стопанската рамнотежа во Македонија, или во секоја држава по дефиниција значи мирни цени и полна вработеност, инаку нема стопанска рамнотежа. Македонија има огромна стапка на невработеност. По најоптимистичките 34%, а по песимистичките над 40%. Ниту во една држава од овие седум од регионот, како најслаби во Европа нема толкава стапка. Хрватска има една од највисоките 27 стапки. Романија има 11 до 12. Србија има помала стапка, Албанија има помала стапка на невработеност. Тоа е по тефтерите на ММФ, а не што велат политичарите, или македонските политичари. Тоа е по нивните тефтери, бидејќи ги шетаат сите држави во регионот.

Сега, што ми се случува на планот на стопанската рамнотежа. Ни се поправаат или ни се влошуваат работите? Ни се влошуваат. Затоа што прво одиме кај цените. Веќе дефакто имаме двоцифрена инфлација, со опасна тенденција да се зголеми, ако не се води сметка. Имаме зголемување на бројот на невработени. Значи по двата елемента, што битно ја определуваат оценката да има стопанска рамнотежа кон што тежи секоја економија, кон тој еквилибриум макро - економски што го нарекуваме, ни се влошуваат работите. Тоа не може да биде знак за еуфорични изјави, дека работите се добри во Република Македонија. Имаше еуфорични изјави дека сега немало толку работници чии плати доцнат. Вчера го добивме извештајот од Заводот за платен промет. 28,4% од вработените немаат примено редовно плата на кој им доцни два-три и повеќе месеци. Кога имало поголема бројка од 27, 28%. Не се сеќавам во извештаите да сум сретнал бројка повеќе од 120 - 130 илјади луѓе, редовно да не можат да примат плата од 315 - 316 илјади, се разбира. Таа бројка не е точна. На премиерот треба да му се даваат бројки точни, не смеат да грешат, да се даваат такви изјави. Нека наоѓа други елементи да ја фали својата политика, но не вакви работи, што можат да ги прочитаат сите што ги следат луѓето во Република Македонија. Екстерната нерамнотежа, значи ни требаат две рамнотежи, или кон две рамнотежи треба да цели нашето стопанство: кон интерна и кон екстерна нерамнотежа. Нашата екстерна нерамнотежа исто така се влошува, според овие бројки за зголемувањето на дефицитот во тековната сметка на платниот биланс на Република Македонија. Може да стигнат пари за крпење, за затворање, но може на крајот да излезе помал геп во платниот биланс во целина. Тековната сметка на платниот биланс, која што е лоша, многу лоша, со голем трговски дефицит, таа постојано се влошува, кога ќе се види динамиката на растот на увозот, со многу, поголема, од растот на извозот што го имаме. Тоа е лоша состојба, тоа е алармантна состојба. За тоа треба да се преземат мерки во нашава држава. Капиталната сметка само со ММФ ќе ја полниме и ќе ја договараме. Со никој друг не можеме. Ако таму нема договор, нема договор со Светската банка и ќе нема договор со другите кредитори. Тоа треба да ни биде јасно на сите.

Господа, сакам да ви кажам и за сивата економија. Данокот на ДДВ, несомнено придонесува кон намалување на сивата економија. Тоа е несомнено и

јас не го делев мислењето на некои катастрофи во врска со ДДВ. И од ова се што произлезе, излезе дека ние посреќно се снајдовме со примената и имплементацијата на ДДВ. Меѓутоа, со ваква царина, господине министер, со она што се случува на царина, со оние огромни шверцови, со оние стопирања, ниедна сметка не може да ни биде точна во екстерните односи со странство, ниту може да се води политика. Вие добро знаете што се прави на царина. Можете да ги повикате сите директори, ќе ви бидат благодарни и ќе ви кажат какви шверцови огромни се случуваат. Тоа е како никогаш досега. Со таква царина не може да се намали сивата економија. Ни случајно. Заради тоа што не успеал да ја земе фирмата еди кој си, 10 дена стопирани папирите. Заради тоа што врзале фирми преку Македонија со Косово, камионите нема да одат. Цариниците ќе ги смениме таму, што тоа можат да го видат, ќе ставиме наши. Градиме недемократски систем, неправна држава. Градиме систем "мој човек". Овој систем во Македонија се вика 'мој човек". Со тоа, нема правна држава, нема демократија, нема стопански растеж. Царината е под ваша надлежност. Во тие односи таму што ги имате, надредени, подредени, не сум сигурен дека можете да се изборите без последици по вас. Ама тоа е предизвикот: или ќе тргнете заедно со хоштаплерите, со шверцерите, ќе гледате низ прсти, ќе ја чувате функцијата, или ќе се спротивставите, па некој ќе рече сега јас ќе ве реконструирам. Јас би го прифатил, прашањето: да повели, реконструирајме, јас не сакам да крадам од македонските граѓани, од македонската држава, да ги руинирам билансите на оваа држава итн. Тоа вие како министер треба да го направите. Или таа царина ќе биде, или нема шанси. Сите информации господата од страна ги имаат. Оваа изјава што ја дадоа дека ги одложуваат разговорите со Македонија, потпишувањето, ставање на дневен ред на Бордот, таа е крајно навредлива. Таа не е производ на технички пречки, таа е производ на сето ова, за кое што зборуваме и за кое што не зборуваме во оваа прилика. Тоа е навредлива изјава. Тие ги одложуваат разговорите од друга причина: поради изборите, поради корупција. Вие разговарате со странци и ние разговараме со странци. Го слушаме нивното мислење. Не двосмислено кажуваат некој од нив дека последната година во Македонија се случи невидена корупција, невидени шверцери. Тие тоа го кажуваат во разговорите. Не е убаво да ги именувам конкретните дипломати, конкретните експерти, кои што доаѓаат. Вие тоа го знаете. Треба тоа да го спречите, бидејќи ќе не елиминираат како држава на која што и помагаат. Ќе не стават само како географска точка, која што ќе се обидат да ја сместат во друга шема. Ќе дигнат раце, затоа што ако тие не видат дека ние сакаме сами себе си да си помогнеме, нема тие многу долго да ни помагаат. Од било кои причини и безбедносните ќе ги решат, ако Македонија е важна безбедносна точка за регионот. И за тоа ќе најдат лек, но тоа ќе биде на наша штета, на штета на Република Македонија.

Се извинувам, можеби бев малку долг, но сакав овие работи да ги кажам. Ви благодарам на вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Петар Гошев.

За збор се јави г. пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, ние денеска го разгледуваме предложениот ребаланс на Буџетот, а до него дојде по утврдениот значаен суфицит. Министерството за финансии сигурно го следело процесот на формирање на суфицитот и кога можело да процени што ќе се случува до крајот на годината, ни предложи овде, ребаланс.

Мислам дека времето на ребалансот е нормално предложено и до овие податоци се дошло некаде до крајот на октомври, а тоа е време, кога е нормално да може да се дојде до реални податоци, до крајот на годината да се дадат оценките и да се утврдат и намените, кои можат да фатат место до крајот на годината.

Според тоа, за времето во кое е даден ребалансот, мислам дека не би требало да спориме, мислам дека тоа е добро избрано време, тоа е нормално време. Дали можеше и за ребалансот повеќе време, бидејќи се укажа со право да им се даде текстот и веднаш да расправаат. Мислам дека можеше да се даде една недела време, за да може да се проучи подетално, можеби тогаш по малку ќе имаше спорови овде и спорни точки. Овие расправи што ги имаме сега по повод ребалансот, по мое мислење не им е местото по ребалансот. Тие расправи, се расправи за оценување на економската политика во државата и за

оценување на проекциите на економската политика за идната година и тие би требало да се направат по Буџетот и другите инструменти со кои се одредува и насочува економската политика на земјата. Меѓутоа, мислам дека вакви расправи по ребалансот на Буџетот, ни се јавуваат од причина, кога расправаме за Буџетот, да расправаме за ист теснец од време. Исто така, како сега, ни се дава на брзина да го гледаме и во една фаза.

Му советувам на министерот, Буџетот за идната година, да го направат колку можат, па навреме и да го дадат да имаме две расправи: во почетокот на декември и на крајот на декември. Ако успеат такво нешто да направат, сите овие расправи нема да бидат насочени кон омаловажување меѓусебно, туку ќе мора да дадат елементи, предлози, како идната година да направиме поуспешен, подобар Буџет. Ако не успееме две расправи да имаме, ќе се случи ситото по Буџетот, како што се случува сега по ребалансот. Инаку, мислам дека ребалансот не треба да го расправаме воопшто како ребаланс, туку да видиме што се случува со суфицитот. Од каде суфицитот. Обрнувам внимание дека суфицитот е некаде околу 27,5% од Буџетот, и дека 12% од прилика е од ДДВ, околу 10,5% е од донации, и околу 4,5% е од приватизацијата.

Сакам да кажам по овие две посебни прашања. За донациите, колку, кога и од која страна ќе дојдат, не одлучува Собранието и би било неодговорно и Владата во Буџетот да ни ги предлага. Тоа не се договорни суми унилатерални суми, кои не мора да ги најави оној кој ги дава.

Според тоа, ако веќе расправаме за донации, на овие донации основата им е надокнада на штетите што населението на Македонија, стопанството на Македонија ја претрпе од кризата во Косово, тоа е претежно и некој донации, кои се вообичаени од некои земји од кои ни доаѓаат овде. Можеби, бидејќи претходеше акција, политичка акција на Владата, да се обезбедат донации, доставувавме документи и за штети итн., колку изнесуваат, можеби требаше една блага информација, дали овие донации се во рамките на тоа што го очекувавме, или се нешто повеќе. Но натаму ние не би можеле да зборуваме, зошто се јавиле како суфицит на Буџетот. Тие се суфицит на Буџетот, тие дошле и се само суфицит на Буџетот, немало како да се искажат, бидејќи не биле планирани во Буџетот.

Што се однесува до другата сума од приватизацијата, тие се пред се од приватизацијата на ЗОИЛ и Стопанска банка, а не некои други помали. И тие не можеа да бидат ставени во Буџетот и мораа да се јават како суфицит. Вие знаете дека цела 1997 - 1998 година се зборуваше дека штотуку се зборуваше дека не сме ја продале Стопанска банка на ЕСТЕ банка. Но не ја ставивме во Буџетот, ниту можеше да се стави. Наеднаш ЕСТЕ банка дигна сидро. Тие работи не се ставаат во Буџетот и со тоа што сега се во ребалансот, мораме, дошле пари, мораме со ребаланс да го решиме тоа. Нема на кој друг начин да го решиме. Така што, мислам дека тој дел не е за некоја дискусија овде, што се однесува до приливот да можеме да се спориме и да кажеме дали е добро, дали е лошо направено итн.

Што се однесува до ДДВ, тој е некаде 12 и нешто повеќе проценти од вкупната сума. Јас сакам да ве потсетам на расправиите во јавноста и на дилемите околу воведувањето на ДДВ од 1 април оваа година.

Морам да ви кажам дека министерот настапи цврсто да се воведе на 1 април ДДВ. Нему му сугерираа многу во јавноста дека е рано, дека не сме подготвени, дека не треба тоа да се направи, дека треба да се одложи, дека ќе настане хаос, ќе настане ова, ќе настане она, ќе биде празен Буџетот, нема да можете да се снајдете. Други велеја дека високо е поставен врз акцизите итн. Тој остана цврст и сега што се случи? Имаме скоро дупло приходи од ДДВ и имаме околу 9%, би рекол придонес, на инфлацијата. Тоа може да се заклучи од она што го имаме. Ние сега за тоа можеме да му судиме. Да тврдиме дека направил неред во фискалните, дека ја срушил економската политика и ова и она, но ако ги споредиме земјите во кој се спроведува ДДВ, ќе видиме дека ова е веројатно најслабиот неповолен ефект на ДДВ од сите што го спровеле.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Јас морам да ви кажам, како сакате мислете, јас мислам оти за ДДВ како е, тоа е скок, фаза во промената на фискалниот систем. Во целиот фискален систем ова е најголемата промена што можеше да се направи. Морам да ви кажам дека ние направивме со релативно ниска цена и околу тоа не треба да спориме, не е убаво 9% да пораснат цените. Можеби ќе беше

подобро да ги намалевме акцизите или да не бидат во основата на ДДВ. Има што да му сугерираме, но ќе му сугерираме за до година со јасни концепти како да се намалат акцизите.

На пример акцизите на колите да се укинат за сите коли до 1300 м од 1300 до 2000 да се плаќаат 50% од сегашните акцизи, бидејќи ДДВ не е еластичен. Преку 2000 кубика да си останат сегашните акцизи итн., за некои други работи за увозни стоки. Видете, акцизите, изгледа ние подолго кај увозните акцизни стоки, ќе видиме и кај дериватите дали така ќе се задржиме, ќе треба да ги задржиме од друга нивно дејство. Од дејство на ограничување на потрошувачката на тие стоки за да не повлечат премногу увоз и издатоци на девизи и динамика на пад на девизни резерви оти ние не можеме стално да тврдиме дефицит во трговскиот биланс, ама во економските мерки ништо да не сакаме да преземеме малку да се ограничи увозот заради економијата внатре.

Според тоа, општо земено ако апстрахираме што се случи во земјата и кој пресврт е направен сега со спроведување на ДДВ и ако знаеме што значи тоа во развиените земји кога се спроведува и тука, оставете ја Владата, беше тука министерот, треба да му оддадеме признание на министерот за успешно извршена операција која е инаку многу ризична. Тоа е првото.

Понатаму би му сугерирал за да ги зајакне позициите на државните финансии и да придонесе за разјаснување на ситуацијата во целиот фискус, да оди на воведување на систем на таканаречени фискални каси.

(Од место му беше поставено прашањето што се тоа фискални каси).

Да не објаснувам овде што е, го имаат развиените земји го има Израел, Полска, проценката е дека рационализацијата и реалната издашност на фискусот се зголемува до 25%, а основниот ефект да биде позитивен.

Според тоа, тоа е втората точка што треба да се направи во нашиот државен фискус, тоа е многу важна работа, јас незнам дали ќе ја направат. Тоа е еден мал пресврт, да се разбереме, многу луѓе треба да научат што е фискална каса, како со неа се работи, што се работи, тоа е еден цел систем.

Трето, овде беше спомнато треба да се направи, да се исчекори од неефикасноста на нашата царинска служба. Приговори има од цел свет. Тука ништо не не пере, мораме да видиме што ќе направиме кај царинската служба, за да биде секој од страна сигурен оти тоа се царините, тоа е постапката и ќе важи еднакво за сите во секое време и на годината и на денот. И дека тоа е докрај транспарентно. Ако таа работа ја направиме целиот фискус ќе ни биде многу посреден, корисниците ќе внимаваат многу, ќе им биде многу полесно да си ги остваруваат правата и да си ги извршуваат обврските и ќе ни зајакне овој приходен дел на државата.

Кај расходниот дел на државата на суфицитетот како е распореден јас видов две глобални ставки. Една ставка која оваа година се троши и се распоредува и мислам оти е приближно исто со ДДВ што суфицитот го дал, што е нормално. Оваа година се собрало, оваа година да се потроши. Тоа е убава работа.

Втората ставка е онаа што се одлага, што се причувува за идната година, да не дојде до некои изненадувања што е, без оглед како политички ќе се експлоатира, но тоа е исто корисна работа така да се направи. Таа ставка ги зафаќа парите од приватизацијата и од донацијата.

Ако парите од приватизацијата ги оставите за догодина би требало прв пат во овој Парламент, откако е донесен Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, да поднесете вкупна програма за употреба на парите од приватизацијата што во таа идна година, а што е законска обврска, треба да се направи. Тоа досега не сме го имале, ни во оваа Влада, ни во претходната, иако владите беа должни по законот, да презентираат програма. Се надевам дека министерот ќе го оцени ова како важна сугестија и тоа ќе го направи. Тогаш ние ќе разговараме за овие 2 милијарди и 437 милиони денари кои потекнуваат од таму. Тогаш ќе расправаме дали Владата правилно постапува, дали има вакви или такви намери, но тоа тогаш ќе биде, сега тоа не би го дискутирал.

Донацијата што ја даваат донаторите од странство, мислам ако биде предмет на употреба идната година, да видиме на што ќе се сведе и како тие вишоци и дали во буџетот во редовните расходи, ќе бидат распоредени како преоден приход или ќе има друга програма за борба проти сиромаштијата, за борба на поттикнување на стопанството, на секторите, што е можно, но тоа тогаш ќе го расправаме, сега не му е местото, има време и Владата, има време и Парламентот да изработат, Владата добро да го обмисли и ние да помогнеме во таа работа.

Овде се испроблематизираа некои работи, дали од овие што ги враќаме сега, ако ги враќаме на бедните за детски додаток, дали е тоа враќање на стопанството, па на стопанството е. Тие ќе си купат нешто од стопанството, само по основ на една легитимна потрошувачка која е утврдена со закон како право. Им следува на луѓето, осум месеци не добиле, сега треба да добијат и ќе одат после нешто ќе купат со нив. А, можат и вака да направат. Да не ги дадат таму, да ги дадат во инвестициониот фонд на Агенцијата за инвестиции и развој и таа по посебна линија ги дели на некои претпријатија, тоа ќе се вика враќање на стопанството, по кој знае кои критериуми, таа Агенција уште не декларирала некој критериум да можеме да знаеме кој како работи, тоа *ќе* биде враќање на стопанството, а законските обврски ќе си останат и натаму осум месеци неплатен детски додаток, некои неизмирени социјални права итн. Таа работа е полоша, ова е подобра. И мислам оти не треба околу тоа да се секираме.

Некои се навредени осум месеци детски додаток се исплаќа заради суфицитот. Видете, детскиот додаток не е суфицит. Обврската на детскиот додаток не е суфицит. Едноставно таа е со закон утврдена легитимна обврска која не влегла во расходите на Буџетот од минатата година во таа сума, бидејќи не оцениле дека може да се покрие и ако се дадат од некој фонд, таму не влегле во фондот за да можат да бидат покриени и затоа не се исплатени. Не верувам дека некој ги чува во џеб тие пари. Сега се плаќа од суфицитот на Буџетот и таа сума што се плаќа за оваа работа е суфицит, тоа сите го знаат, се разбира, штом е повеќе во Буџетот отколку сме испланирале, тоа е суфицит.

Ова што го зборувам оценето во тековната атмосфера, можеби на некој ќе му изгледа малку чудно. Меѓутоа, јас морам да ви кажам, со сите сили сакам да избегам од создадената тековна атмосфера во Парламентот. Во Парламентот треба да одбереме само по што ќе се караме и расправаме и на кој начин тоа ќе го правиме. Како ќе се однесуваме спрема аргументите, спрема фактите, спрема вистината, а како притоа, по партиските интереси, по партиските ставови, партиските намери. Овде станува збор за доста чиста ситуација, што се однесува за ребалансот на Буџетот и затоа, бидејќи ние тројцата немаме намера да учествуваме во работи и расправи на кои не им е местото овде, а за кои има потреба, ама треба да се создаде место, за нас е ова готова работа и ние ќе гласаме за ребалансот на Буџетот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Стојан Андов за учество во расправата.

Збор има г-динот пратеник Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри претставници, јас би сакал да дадам краток осврт околу точката што денеска ја имаме на дневен ред а тоа е Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година, кој бележи огромен суфицит со кој премиерот без срам и совест, да не кажам се фали, за некакво домаќинско работење, очигледно дека тој не ја разбира основната генеза за неговото појавување.

Инаку, како да се објасни нештото со што се фали, од кое секо нормален човек треба да се срами, бидејќи тоа нешто во овој случај суфицитот во Буџетот зборува за патолошкиот карактер на премиерот и Владата која е тотално некомпетентна во поглед на стручноста како на поедини министри така и на нивните потесни тимови кои ги опслужуваат.

Појавата на еден ваков суфицит укажува дека оваа Влада располага со компетенциите од типот на бајачка и гатачка, како што посочи пратеникот Јордан Бошков, при нејзиното последно изгласување. Доколку малку постои одговорност од страна на Владата за прашања кои се од витален интерес на нашата држава, како што е носење на ребалансот на Буџетот, во кој се искажува огромен суфицит да добиваме материјали само еден ден пред да се стави оваа точка на дневен ред, зборува за фактот дека премиерот и министрите во таа Влада го маргинализираат значењето на осиромашеното стопанство во нашата држава, а со тоа и маргинализирање на самиот македонски народ и граѓанин.

Ако се земе фактот дека за министер за финансии имаме човек кој, барем по некои правила, за обична функција во една фирма, треба да има барем пет години работно искуство, сосема е јасно дека не може докрај да го сфати значењето на вакви прашања. Златно правило на доброто финансиско работење на државата е почитувањето на буџетската рамнотежа т.е, избалансираност на приходите со расходите. Одстапувањето од ваквото златно правило, е дел од современата буџетска политика во

цивилизираните држави, меѓутоа во согласност со потребите на конјунктивниот циклус што значи дека буџетските акции можат да се ставаат во функција на повисоки цели кој ги диктира потребите на стопанството, поттикнување на економска активност, вработеност и слично.

Според логиката на современата буџетска политика, дефицитот или суфицитот стануваат буџетски акции кои произлегуваат од потребите на генералниот тренд на стопански движења.

Затоа тука сме принудени да се вратиме на основната економска азбука и да ја потсетиме Владата дека незнае што и се случува во стопанството т.е. нема дијагноза за здравјето на својата економија.

Доколку економијата е во длабока економска криза, а Владата го зема суфицитот како мерка на својот успех, очигледно таа нема поим како треба да функционира буџетската држава, т.е. дека таа е во депресија и не смее да презема провиненцис, порецесивни акции и да трупа пари во така наречените мртви џебови, тогаш кога стопанството пропаѓа во општата состојба во беспарица и неликвидност. Дека економијата трпи драстични последици од зголемената даночна пресија зборуваат податоците за прогресивно опаѓање на паричната маса во стопанството. Зголемување на неисплатените стасани обврски и зголемување на залихите на готовите производи. Едноставно стопанствениците од различни стопански бранши изгубија глас жалејќи се на своите проблеми, додека компетентните институции пример Стопанска комора се потрудија да ги артикулираат нивните тонови во економски анализи на состојбите. Па доколку Владата воопшто ја интересира што се случува во стопанството по воведувањето на ДДВ можеше да ѕирне во статистичките анализи, во кои нема вредносни судови само постои една мрачна слика на замрзнатите финансиски текови, прекинатите синџири на економскиот циклус, а што е само видлив дел на неликвидноста во економијата.

Во такви случаеви, каков парадокс може да претставува лекувањето со суфицитот. Па суфицитот претставува ампутиран дел од паричните средства на стопанството на сиромашниот граѓанин. И токму таквиот апсурд на буџетската акција, која го поттурна стопанството уште во поголема економска депресија, да го наречеме економски успех на Владата. Тоа е невидено и нечуено чудо на овие Балкански простори за последни 50 години. Замислете господа пратеници каков парадокс. Само што не постои ниедна економија во цивилизираниот свет, која ја приближува таквата изопачена логика. Премиерот за да го амортизира ваквиот начин на гледање на суфицитот, ќе ни го понуди одговорот дека суфицитот потекнува од сивата економија.

Всушност, најлесно е проблемот да го префрлиш таму каде што е најмалку видлив. Обемот на сивата економија денес во Република Македонија, не е ни дури квантифициран. Во случајот на слободно разумски конструкции на премиерот ќе одговорам на ист начин, издигнувајќи го нивото на дијалогот на логични конструкции и сегменти, кој што ги зафати сивата економија, шверцот, наркоманијата, проституцијата не исчезнаа од нашите улици. Од друга страна даночната пресија во општата неликвидност во стопанството нормално е да се манифестира во посипувањето на дејноста на голем дел од економските субјекти, кои се наоѓаат на маргините на доходовноста, а ДДВ ги турна под таквите маргини.

Таа економска логика на процесите во сите држави, во кои меѓународните институции ја утврдија позитивната корелација или врска помеѓу воведувањето на зголемената даночна пресија и порастот на сивата економија како што е Бугарија, Хрватска, Маџарска за што постои меѓународна статистика. Тоа е оној здраворазумски или нездраворазумски дел на гледање на нештата надвор од него. Постои еден дел кој што се нарекува економска анализа и кој што јасно упатува на потеклото на суфицитот. Доволно е да се погледна на структурата на наплатените буџетски приходи, посебно експанзија бележи данокот на прометот во месеците по воведувањето на ДДВ. Всушност, тој достигна енормно висока кумулативна стапка од 90% во споредба со осумте месеци во претходната година, што е резултат не само на ревноста на наплатата на данокот, туку е и резултат на воведувањето на ДДВ. Доколку се земе процентот на порастот на наплатените приходи по месеци споредбено ќе се заклучи дека тој во мај изнесува 175% повеќе во однос на минатата година.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:** (Продолжение)

Во јуни 126%, јули 85% и август 138%, повеќе во однос на минатата година. Значи, во текот на суфицитот е од стопанството и тоа од формалниот, легалниот дел на економските субјекти. Таквата состојба, требаше да ја регистрира Владата, т.е. таа треба да подготви извештај за состојбите и последиците од

воведувањето на ДДВ, а не да ги маскира состојбите и да се фали со суфицитот како мерка на успешност на нејзината работа. Токму затоа овде во Парламентот треба јасно да го идентификуваме буџетскиот суфицит, како погрешна буџетска акција, во која Владата направила сериозна грешка во планирањето на своите приходи и си дозволи да ги пречекори своите јуриздикции на ниво на одземање на дел од доходот на стопанството на граѓаните на кои нема право. Да го умртви капиталот на својата каса, т.е. да чека да го прераспредели според своите политички оценки ребалансот. Всушност, суфицитот сигнализира на неадекватното одмерено даночно оптоварување, што е резултат на нецелосна реформа на даночниот систем.

Експертите пред воведувањето на ДДВ спомнуваа од неопходноста за комплетна реформа на даночниот систем, што значи намалување на персоналниот данок и акцизите. Меѓутоа, Владата се оглушуваше од таквите барања, бидејќи беше решила да тргне во буџетска акција, реализирање на суфицит, која е апсолутно непристојна за една сиромашна економија, каква што ја имаме денеска во Република Македонија.

Владата заборави на уште едно златно правило дека е во врзан систем на садови со стопанството, па осиромашената економија догодина ќе го врати големиот удар.

Токму затоа, во ребалансот требаше да се предвиди дел од средствата за антициклична интервенција во случајот на сменување на буџетскиот суфицит во дефицит во наредната година, т.е. за компензаторно финансирање, за да се избегнат можните дефицити наредната година да се покриваат со задолжување од ММФ и други меѓународни институции. Ребалансот по ставка може да се оспорува или поддржува, бидејќи тој е правен по мерка на политичкиот курс, во кој се инволвирани широк спектар на вредносни интереси. Тоа се од сферата на социјала, стари девизни штедења, долгови на јавниот сектор итн., како и финансиска инекција на стопанството, која на крај ќе добие призвук на јавно прокламираното од страна на премиерот, формирање на партиски фирми или преку вентилите на таканаречените јавни претпријатија. Значи, се врши перење на парите.

Останува горчливиот вкус на ваквиот ребаланс дека улогата на активниот арбитар на доходовните текови ја узурпира Владата, која упорно не убедува дека работи на афирмација на пазарот. Се поставува логично прашање, која е политичката, економска и историска оправданост на ваквиот чин и кое е правото на законодавниот дом, да изврши промоција на реформскиот престап на транзицијата и да ја озакони практиката на државниот интервенционализам со крунски докази на идеолошкиот пресврт, суфицитот и ребалансот. Како што реков, иако немав многу време да го разгледам ребалансот на Буџетот предложен од Владата и од министерот за финансии, но забележав како што реков пред малку, дека имаме преполн Буџет со огромен суфицит. Значи, уште едно чудо, а бидејќи посебно овие години стануваме земја на чудата, последното чудо беше спонтаниот напад на пратениците од ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција, каде нападнатите пратеници, жртви на насилници станаа напаѓачи, а напаѓачите станаа жртви. Чудото достигнува кулминација, кога кривично се гонат жртвите за кои се инструира случај на кривично дело, а напаѓачите се ослободуваат од вината. И локалните избори се дел од чудото. А, еве, сега уште едно чудо, овој предлог Буџет со огромен суфицит. Колку чуда, а за кратко време. Да беше оваа морална и одговорна Влада, одамна ќе си дадеше оставка.

Останува на тест моралот и одговорноста на сегашното парламентарно мнозинство, кое и ако понатаму партиципира со премиерот Георгиевски, тоа е еднакво на политичко самоубиство на сите оние партии, партиципиенти во ова однародена власт, само за грст лични економски интереси.

Еве, зошто чудо постојано ми преоѓаат луѓе кои не земале плата, кои не се вработени, луѓе кои бараат кредит да купат нешто. Во оваа наша држава има акцептни налози, компензации и се друго, само нема пари. Значи, сите се жалат дека немаат пари и тоа веќе не е чудо. Чудо е што само во Буџетот и фондовите има пари. Знаете, кога кај човек ќе видите многу пари, веднаш рефлексно се наметнува прашањето, од каде ви се парите и прво што ќе помислите е дека да не ги добил на игра на среќа, коцка, ако не се тие извори, не мора да прашате ами ќе си помислите дека можеби тие пари се украдени. Значи, сепак, многуте пари не се нормална работа. Според тоа и многуте пари во Буџетот, морам да констатирам, сепак, не се нормална појава со која може човек да се пофали. Затоа, се наметнува прашањето, од каде толку пари во Буџетот. Има некои непокажани и

непредвидени извори, но сепак се поставува прашањето, дали се украдени тие пари. За жал, тука има вистина, бидејќи се земени од стопанството. А, крадените пари се враќаат. Значи, тие треба да му бидат вратени на стопанството. Најголем извор на тие пари господа, е ДДВ, Владата, посебно министерот за финансии се факт дека перфектно го примениле ВАТ системот, а министерот за финансии вели дека е фрапиран од примената на ДДВ и дека со него ја сузбил дури и сивата економија. Замислете, каков парадокс.

Господинот министер за финансии непосредно пред воведувањето на ДДВ изјави за ДДВ дека тоа е како скокање во ладна вода. Господине министер, стопанството скокна во ладна вода и тука замрзна и му ги снема парите.

Почитувани господо пратеници, сепак, примената на ВАТ системот бара исполнување на некои важни претпоставки и тоа, стручност и знаење, познавање на претходниот систем на данок на промет, стручно и ефикасно Министерство за финансии, враќање на данокот, реформи од даноците на доходот.

Читајќи ги стенограмите за воведување на ВАТ системот од седницата на која се донесе Законот за ДДВ, тогашниот министер за финансии Борис Стојменов за ДДВ истакнува, почетната примена на ВАТ системот ќе создава проблеми а тие се:

1. Преполн Буџет, а испразнето стопанство.

2. Празен Буџет.

Се плашам дека на нас ни се случи првата појава, преполн Буџет, празно стопанство. Ако во текот на новата примена не се извршат корекции во областа на акцизите и даноците од доход и имот, тогаш по предлог на министерот за финансии, стапката од 22 беше намалена на 19, со забелешка дека таа треба да се намали за 17%. Според тоа, тие претпоставки за примена на ДДВ мора да бидат исполнети. ДДВ како систем се потпира на даночниот кредит и е враќање на данокот. Враќањето на данокот треба да е автоматизам, но тоа во Управата за приходи не се прави или се прави симболично.

Од друга страна внесен е голем страв кај фирмите од Управата за приходи. Фирмите не смеат да побараат враќаше на данокот.

Слушам од премиерот и од министерот за финансии дека овие многу пари се од сузбивање на сивата економија. Незнам колку пари се собрани од Кванташки пазар и другите пазари, но тие работат како и досега, така што таа теза не држи, бидејќи сите пари се собрани од жиро сметките на компаниите од горните причини барам да се повлече овој Предлог Буџет, а по итна постапка да се изврши намалување на даноците од доходот, да се изврши намалување на акцизите, да се намали стапката од 19% на 17% и да се изврши намалување на стапката за стоките од 19% на 5%, а земјоделието да се ослободи од ДДВ. Благодарам за вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ѓорѓи Тодоров за учество во расправата.

Дали би сакал да се вклучи министерот за финансии, господинот Груевски, бидејќи беше на неколку пати спомнат.

Се извинувам, меѓу време, процедурално за збор се јави господинот пратеник Златко Стојменов. Повелете.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван господин претседателе, почитувани колеги пратеници.

Во салата, навистина, има само 30-тина пратеници и мислам дека нема услови за да се расправа за една ваква важна точка и сметам дека треба да се обезбедат потребните услови за работа на Собранието, потребниот кворум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пратениците тука се во зградата и јас ги молам да влезат во салата, бидејќи деловнички ова процедурално прашање заслужува внимание. Тие се тука, еве полека влегуваат и сметам дека ќе се обезбеди потребниот кворум, за да продолжиме со работа, но тоа не пречи да му дадеме збор на господинот министер за финансии, Никола Груевски. Повелете.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, ова е прв пат во десетгодишната самостојна историја на Република Македонија, Владата на Република Македонија да оствари еден голем буџетски суфицит во своето работење во износ од 16,3 милијарди денари.

Владата на Република Македонија и понатаму ќе продолжи во спроведување на една здрава, економска и фискална политика долгорочно насочена кон намалување на долгот, инвестирање во приоритетните проекти за развојот на државата и намалување на даноците.

Нашата крајна цел е да се намали сиромаштијата, да се подобри стандардот на живеење и да се зголеми вработеноста во Република Македонија преку создавање на здрава и просперитетна економија.

Колку за потсетување, економскиот развој во Република Македонија во текот на оваа година е посилен од било кога досега. Остварениот реален пораст на бруто домашниот производ во првото полугодие од оваа година од 10,4% е највисокиот во Европа и меѓу највисоките во светот. Заради високата споредбена основа во второто полугодие од годинава очекуваме делумно ублажување на високиот раст но и покрај тоа 2000 година, ќе ја завршиме со стапка на пораст на бруто домашниот производ за околу 6%, што е еднакво на вкупниот кумулативен раст на бруто домашниот производ остварен во периодот 1996 и 1999 година. Значи во една година кумулативно имаме повеќе, имаме повеќе од кумулативниот раст, отколку што го имало во 1996 и 1999 година.

Би сакал да потсетам дека пред две години кога оваа Влада го доби мандатот од граѓаните на Република Македонија, вкупните економски состојби беа многу полоши, а економската иднина на земјата беше неизвесна. Ова би го поткрепил со неколку податоци верифицирани од меѓународните финансиски институции. Бруто домашниот производ на Република Македонија имаше континуиран пад од 1991 година до 1996 година од речиси 30%, а индустриското производство оствари кумулативен пад од 50%. Владата остваруваше континуирани дефицити во Буџетот и платниот биланс, а за нивно финансирање се задолжуваше во странство, зголемувајќи го надворешниот долг од 20% од бруто домашниот производ на преку 40% само во периодот 1995 - 1998 година.

Според констатациите на Светската банка, буџетскиот дефицит се одржуваше на релативно пристојно ниво на најлошиот и најболен начин за развој, преку континуирано еродирање на капиталните расходи, односно јавните инвестиции.

Внимавајте, во Буџетот за 1998 година расходите за јавни инвестиции изнесуваа 2,1 милијарда, а со ребалансот за оваа година е предвидено да достигнат 4,7 милијарди или зголемување од 2,2 милијарди денари. Зборуваме за средства што од Буџетот се наменуваат во капитални јавни инвестиции. Мислам во инвестирање, наместо во материјални трошоци, потрошувачка, плати и сл.

Ниската наплата на приходи и депресираното ниво на инвестиции, секако, имаше рефлексија и врз порастот на бруто домашниот производ, кога и во 1996 година до 1999 година се движеше меѓу 1,4% до 2,9% годишно. Во добрите години се остваруваа лоши економски резултати и високи дефицити. Во лошите години економските перформанси беа уште полоши, а дефицитите повисоки. Резултат од тоа се највисоки давачки во Европа, натрупување на државниот долг, двоен дефицит на Буџетот и платниот биланс, долгогодишната рецесија креираше екстремно висока невработеност, која за жал, е сеуште на превисоко ниво, иако и тука има извесни подобрувања.

Стапката на невработеност од 36,5% која ја наследивме е намалена оваа година на 32,1%. Значи, ова се податоци кои што се верифицирани од ММФ. Во 1997 година стапката изнесуваше 36% на невработеност, во 1998 година 34,5%, во 1999 година 32,4%, за 2000 година проекцијата е 32,1. Значи, имаме надолен тренд, иако сеуште недоволно надолен.

Девизните резерви од 1,9% се качија на 3,5% покриеност на увоз, односно од 334 милиони долари на 670 милиони долари. Дефицитот на тековната сметка на платниот биланс, кој што без донации во 1998 година изнесуваше односно со донации изнесуваше 8,8%, во 2000 проекцијата изнесува 6,5%.

Каматните стапки, кои што во 1996 година изнесуваа помеѓу 25% и 30%, годинава се некаде на ниво од 13% до 18%, можеби и нешто помалку, со надолен тренд.

Вработеноста, која што во 1997 година и во 1998 година се намали за вкупно 9%, во последните две години е зголемена за 1,2%. Како што спомнав девизните резерви се скоро дуплирани.

Единствената светла точка во економијата која што ја наследивме, беше ценовната стабилност, а неа и денес ја имаме, дури и по екцесивниот шок од порастот на цената на нафтата од 12 долари, на преку 32 долари по барел.

Генераторот на интензивниот економски раст е зголемувањето на инвестициите, а за инвестициите е потребно штедење. Токму тоа го правеше Владата на Република Македонија во текот на оваа година. Зголемената фискална дисциплина заедно со зголемената наплата на даноците, преку намалување на даночната евазија по воведувањето на ДДВ во април о.г., беа клучни фактори кои што создадоа големи

заштеди во државниот Буџет. Вкупниот прилив на средства од даноците во 2000 година се проценува дека ќе изнесува 7,3 милијарди денари.

Истовремено Владата на Република Македонија во оваа година во праксата ги демонстрираше долго најавуваните, но никогаш претходно нереализирани определби за отвореност кон странските инвеститори и кон меѓународниот капитал. Врз основа на продажба на државниот капитал во Стопанска банка СДЦ Куманово, АД Македонија и други помали претпријатија, остварени се додатни буџетски приходи во износ од околу три милијарди денари. Планираните приходи во Буџетот од приватизација од 10 милиони германски марки, се претворија во 100 милиони германски марки во 2000 година.

Оваа отвореност кон светот и забрзувањето на структурните реформи, придонесоа и Меѓународната заедница да ја зацврсти својата финансиска помош за Република Македонија во вид на донации, од кои пристигнаа или со сигурност до крајот на годината се очекува да пристигнат средства во вкупен износ од 5,4 милијарди денари.

На овој начин вкупните приходи во Буџетот за 2000 година, а ќе изнесуваат 64 милијарди и 771 милион денари, наместо првобитно планираните 50 милијарди и 994 милиони денари или за 27% над усвоениот Буџет за оваа година.

Заради споредба, ќе повторам, во 1998 година вкупните буџетски приходи беа 42,7 милиони денари. Тоа значи дека со ребалансирање на Буџетот оваа година ќе имаме приходи кои се повисоки од тогашните за 22,1 милијарда денари, што, како што беше спомнато, изнесува 51,8% повеќе.

Структурно, даночните приходи во 2000 година ќе бидат повисоки од 1998 година за 38%, а неданочените приходи се зголемени за 111%, за 2,1 пати.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:** (Продолжение)

Приходите од даноци се зголемени за 23,4%, а единствена категорија која бележи намалување во 2000 година во однос на 1998 година е приходи од задолжување од странство 22,4%. Најважно од се е што ова е остварено без никакво зголемување на даночните стапки, туку пред се подобрена наплата на даноците и тоа пред се од оние кои во минатото своеволно не плаќаа, или им беше прекутно допуштено да не плаќаат за сметка на сите други кои чесно ги исполнуваа сопствените обврски кон државата. На страната на расходите во 2000 година во однос на 1998 година најмногу се зголемени непродуктивните расходи за инвестициите и тоа за 118%, за 2,2 пати. Висок пораст бележат и трансферите кои се повисоки за 56,8%. Тука спаѓаат трансферите за пензискиот фонд, социјалните случаи, Фондот за вработување, за детски додаток за инвалиди и за девизните штедачи за кои оваа Влада го реши проблемот чие долгогодишно нерешавање ја чинеше државата дополнителен долг по основ на камати од преку 500 милиони германски марки. Тековните трошоци за плати и материјалните расходи се зголемени во однос на 1998 година за 27,8%. Салдото кое останува во Буџетот за 2000 година по извршената распределба на дел од вишокот на приходите за кои подоцна ќе зборувам изнесува 7 милијарди денари. Заштедата од оваа година е веќе делумно авансно искористена за создавање на простор за поголема кредитна активност во споредба со било која друга година приходна. Кредитите на банките ова година се зголемени за преку 5 милијарди денари, а до крајот на годината ќе се зголемат за уште 1,3 милијарди денари што кумулативно е за 2 до 3 пати повеќе отколку просечниот пораст на кредитната маса во претходните години, а делумно ќе биде наменета за отплата на долгот кој ќе доспее на почетокот од следната година како и за поддршка на кредитната активност за тој период. Создавањето на една ваква резерва е посебно значајно ако се има во предвид планираното намалување на даноците на почетокот на 2001 година кое иницијално може да предизвика намалени приходи во Буџетот на краток рок, односно сакам да ви најавам дека кон крајот на оваа година Владата ќе излезе со пакет на закони од даночната сфера, Закон за управата за јавни приходи, Закон за фискални машини кој што е готов, Закон за персонален данок на доход, Закон за данок на добивка на корпорација, Закон за измена на Законот за царински тарифи, Закон за измена на законот за ДДВ и уште некои други закони. Сакам да ви напоменам дека со овие закони, Владата ќе излезе со предлог за намалување на персоналниот данок, драматично намалување, ќе излезе со предлог за намалување на царинските стапки, пред се за суровините, за репроматеријалите и за одредени стоки, за кои што постои мотивација за шверц. Владата ќе предложи намалување и кај неколку стапки кај данокот на додатна вредност, веднаш по заминувањето на мисијата на ММФ која што ќе биде тука за

утврдување на Буџетот за 2001 година. Што е норма на процедура пред усвојување на Буџет во услови кога се има соработка со ММФ.

Сега малку околу суфицитот. Имаше неколку дискусии во смисла дека суфицит е невообичаена работа, дека сите држави одат кон дефицит, или најголемиот број држави дека тоа го нема никаде. За ваша информација, да ви споменам дека најнапредните земји во транзиција, после ќе зборуваме и за развиените држави имале исто така периоди на суфицит во буџетите. На пример во овие десет години Словенија четири години имаше суфицит, во Естонија 3 пати, во Хрватска и Литванија 2 пати, Полска, Чешка, Словачка, Бугарија и Унгарија исто така по неколку пати. Би сакал да ви прочитам еден краток цитат од угледниот економски неделник "Ди економист", каде што се наведува дека до толку многу сега државите одат кон суфицит, што веќе се намалува издавањето на бројот на државните обврзници. Државните обврзници вообичаено на запад се издаваат кога има дефицит за да го покријат, иако не е единственото издавање само за покривање на дефицит. Но, создавањето на се почести суфицити, имаме ситуација кога се намалува бројот на издавање на обврзници и обврзниците се повеќе стануваат суфицитарни. Цитирам: "Порано сакав доколку постои реинкарнација да се реинкарнирам во претседател, или Папа". Но, сега сакам да се реинкарнирам во пазар на обврзници, ќе можам сите да ги заплашувам". Овие познати зборови на Џим Скардил еден од советниците на изборите на Бил Клинтон кажани во 1992 година го сумираат гледиштето на многу луѓе за моќта на трезорскиот пазар на обврзници. Сепак, ако се точни предвидувањата на американската Влада за бесконечни буџетски суфицити, овој моќен пазар би можел да исчезне. Во сегашната ситуација и многу други влади се сведоци за намалување на нивните пазари на обврзници. Само пред пет години сите богати земји остваруваат дефицити во Буџетот во просек од 4% од бруто домашниот производ и владите и економистите беа вознемирени околу растечката планина на долгови. Денес буџетските суфицити изобилуваат. Суфицитот на американската Влада централната државна и локална администрација и фондовите за социјално осигурување изнесува 2% од бруто домашниот производ, наспроти дефицитот од 6% во 1992 година. Господин Клинтон истакна дека владиниот долг кој го поседува јавноста ќе биде елиминирана до 2013 година. Но, Америка не е единствениот случај. Џипи Морган познатата инвестициона компанија, предвидува дека поголемиот број од богатите земји ќе остварат буџетски суфицит во наредната година. Тука ќе застанам.

Она што друго би сакал да го истакнам, без промена на даночните стапки, една компарација за тоа колку приходи се собирале во Буџетот, за неколку стапки поединечно колку се собираат сега. По основ на данок на добивка кој што во основа покажува колку компаниите во државата работат со добивка, колку работат со загуба во 1997 година се остварени 1 милијарда 347 милиони денари, во 1998

1 милијарда 637 милиони денари, додека во 2000 имаме 2 милијарди 613 милиони денари. Стапката на данокот на добивка и тогаш и сега е 15%. Кај персоналниот данок од доход, каде што исто така стапката е непроменета и е стапка која што сега имаме намера да предложиме кон Парламентот да се промени. Во 1997 година имаме приходи од 8 милијарди 929 милиони денари, во 1998 8 милијарди 408, во 2000 година со непроменети стапки имаме 10 милијарди и 523 милиони денари, за 500 милиони денари повеќе од планираното за оваа година. Да не зборуваме за данокот на добивка заедно со данокот на промет, кој што егзистираше во првите три месеци во оваа година. Од 8 милијарди 606 во 1997 и 9 милијарди 419 во 1998 година, оваа година имаме остварување од 16 милијарди и 600 милиони. Многумина тука напоменаа дека ставањето на данок на додадена вредност на акцизните стоки е всушност единствената причина зошто имаме суфицит токму кај данокот на додатна вредност. Од таа причина во Министерството за финансии направивме неколку анализи и можам да ви кажам дека учеството на данокот на додатна вредност кај акцизните стоки, само кај акцизните стоки е 21,2% од вкупните прибирања на данокот на додатна вредност. Значи отпаѓа тезата дека ставајќи данок на додатна вредност на акцизните стоки за што лично не се залагав, меѓутоа бев доведен во една таква ситуација да морам да го прифатам тој момент и за што и понатаму преговараме со ММФ за одредени корекции, но сепак, констатацијата е дека суфицитот не е резултат на тоа што сме ставиле ДДВ на акцизните стоки. Дефинитивно најголемиот дел од вишокот на ДДВ е собран од сивата економија, од оние кои што на разни начини одбегнуваат да го платат данокот и уште

згора на тоа се фалеа каде ќе стигнат со сето тоа. Од оние кои што изигрваа национални херои, како ја изиграле државата и како успеале да не платат данок и правејќи ги глупави и несpretни оние кои што го плаќаа данокот. Во овој Парламент имаше многу дискусија. Пропуштив и за царините да споменам од листата што е пред мене дека 1997 година при непроменети царински стапки имаме 5,65 милијарди денари, додека 1999 година имаме 8 милијарди 274 со план за 2000 од 8 милијарди и 600.

Што се однесува до програмата за намалување на сиромаштијата и воопшто за тоа што поголем дел од Буџетот оди кон намалување на сиромаштијата. Прво, аранжманот што ние го земаме со меѓународниот монетарен фонд е комбинација на ЕФФ и ПРГФ аранжманот, односно аранжман за развој и аранжман за намалување на сиромаштијата. Значи имаме елемент со кој што треба овој аранжман треба да тежнее кон намалување на сиромаштијата. Така што овие 817 милиони денари, околу 26,27 милиони марки кои што оваа година се насочуваат во специјални програми за намалување на сиромаштијата следната година очекуваме и планираме да бидат поголеми, најмалку 50% поголеми. Јас незнам што има лошо ако една држава оствари суфицит, а во исто време нема основни апарати во здравството, има огромни долгови, доцни со исплаќање на детски додаток, касни со исплаќање на социјалните надоместоци, касни со исплаќање на многу нешта, нешта што се наследени од минатото, не само што се наследени, туку се драматично намалени, долгови кои што настанале во минатото и ако има суфицит, да не ги употреби овие средства за да си ги врати долговите, туку да ги употреби за нешто друго. Од листата која што се планира да се потрошат средства од овој суфицит преку програмата за намалување на сиромаштија ќе споменам неколку, да кажеме 35 комплетни гарнитури апарати за дијализа во износ од 1 милион германски марки, санитетски возила во износ од 1 милион германски марки, ФТГ апарат за дигестивна радио - дијагностика и стерилизатор за потребите на Медицинскиот центар во Прилеп, понатаму ангеограф за потребите на клиниката за кардиологија при Клиничкиот центар во Скопје во вредност од 2,2 милиони марки, Ф апарат за потребите на Клиниката за гинекологија и акушерство при Клиничкиот центар во износ од 300 илјади марки и редица други апарати, да не ги набројувам сите што се од основна потреба на граѓаните, апарати, техника за која што граѓаните кои што се болни мораа да патуваат во Софија, во Белград, во Загреб, или во други држави претежно на запад и да плаќаат десет пати повеќе, отколку што би платиле во сопствената држава. И тука некој тврди дека овој суфицит требало да го намениме за инвестирање во компании, на кои што ниедна банка не сака да им даде кредит, од кои што секоја банка бега, затоа што немаат услови за развој, затоа што имаат многу лош менаџмент, затоа што немаат пазари, затоа што нивниот производ е многу лош. Напротив ние ќе ги вратиме парите кон оние што должиме, а на оние кои што им требаат кредити, на пазарот за меѓу банкарски позајмувања има огромен суфицит на средства, банките имаат во моментот повеќе отколку што можат да пласираат. Поради тоа каматната стапка на пазарот, на меѓу банкарскиот пазар падна на 7,5% годишно, што е најниско досега, тоа значи дека има огромна понуда на пари во банкарството, тоа е резултат на високото салдо што го државме во Буџетот оваа година, како резултат на што Централната банка форсираше поголеми кредитни можности на банките. Тоа ќе биде случај и во следната година, кога што како и оваа година ќе бидат внесени во економијата преку кредити од банките дополнителни 200 милиони марки, како што беа внесени 200 милиони марки оваа година и како што ќе бидат внесени и дополнителни 200 милиони марки кредитен капитал во 2002 година. Тоа е концепцијата на оваа влада, да се помага стопанството, меѓутоа преку системот на банки, систем кој што има кредитни одделенија, систем кој што има одделенија за инвестиции, систем кој што има комплетна процедура за одбирање на здрави проекции. Наспроти некој проект кој што би заговарал финансирање на нездравите проекти кои што создаваат негативна вредност во економијата. Овие проекти кон кои што ќе ги насочуваат парите банките, се проекти кои што носат развој, кои што носат нови вработувања, кои што носат ново создадена вредност, тоа е нашата визија за иднината. (Аплауз).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Груевски, министер за финансии за учество во расправата.

Дами и господа пратеници, сакам да ве информирам за следново.

Јас штотуку добив барање од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, односно од координаторот Никола Поповски,

кој што ме известува и ме моли да им излеземе во пресрет на фактот дека Централниот одбор на СДСМ има закажано седница во 17,00 часот. Седницата е закажана од пред девет дена, а ние, односно пратеничката група мораме да присуствуваме.

Се разбира дека Парламентот може да одлучи да работи ако има мнозинство и без нивното присуство. Но, тие молат ова да го имаме во предвид.

Господинот пратеник Димитар Бузлевски има реплика.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Не е тоа реплика, повеќе е полемика, затоа што рековме дека овде ќе водиме полемика. И сето во интерес на расветлување на сите аспекти, кои што се поврзани со оваа материја. Беше споменато дека расте бруто домашниот производ во Република Македонија во 2000 година што е неспорен факт дека е така, дека расте. Но, притоа беше споменато дека за период 1992 - 1996 кумулативно паѓа за над 30% бруто домашниот производ. Во интерес на она што е вистина, јас ќе кажам дека бруто домашниот производ во 1993 година падна за 9,1%, во 1994 година за 1,8%, во 1995 година за 1,2% и во 1996 година за 0,8%. Сепак ќе се согласите дека тоа кумулативно не е 30%. Бруто домашниот производ почна да расте во 1996 година, 0,8%, 1997 1,5%, 1998 2,9%, 1999 2,7%. Сакам да ја направам разликата во порастот на бруто домашниот производ на пример во 1998 година и 1999 година. Во 1998 година бруто домашниот производ расте при пораст на физички обем на индустриско производство од 4%. Додека до 1999 година расте со 2,7% при пад на физичкиот обем на индустриското производство. Проверете, ќе видите. Во 2000 година бруто домашниот производ расте. Јас ги имам податоците од првиот квартал.

Меѓутоа, за вториот квартал не успеа. Но, и тие се доволни, бидејќи рапидниот пораст на бруто домашниот производ е остварен во првиот квартал и тој изнесува некаде над 14,8%. Но еве го соопштението од Заводот за статистика. Во него пишува следно: Економските движења во првиот квартал од 2000 година, беа под силно влијание пред ДДВ еуфоријата, која предизвика раст на трговијата, трговски дефицит, лична потрошувачка и делумно на инвестициите.

Исто така, треба да се има предвид дека поради кризата на Косово првиот квартал од 1999 година беше под вообичаеното ниво, што претставува ниска основа, во споредба на економските движења во првиот квартал од 2000 година.

Ова е објаснување на порастот на бруто домашниот производ во 2000 година. И навистина е така. Бруто домашниот производ во 2000 година расте, како резултат на еуфоријата и на примена на ДДВ. Затоа што, еве, ќе кажам податок дека ако имаме квалитетни поместувања во индустријата и рударството како гранка, која што има висок процент по формирање на бруто домашниот производ, тогаш мораме да ја прифатиме вистината дека по цени од 1998 година бруто домашниот производ во апсолутен износ остварен во индустријата е поголем, во однос на бруто домашниот производ, остварен во 2000 година. Тоа е факт. Затоа треба реално да ги гледаме работите и реално да ги презентираме работите. Тоа е во интерес на носење на исправни одлуки за работа, а не да кажуваме каква е состојбата во Македонија, а никој да не верува од граѓаните дека е таква состојбата.

Понатаму, не ги коментиравте ни подмирените обврски. Тие се 32 милијарди денари. Околу странските инвестиции кажавте една невистина. Имаме странски инвестиции во 1997 година, на пример, остварено 117 милиона. Вие во 2000 година имате 25 милиони долари со состојба мај, без Стопанска банка, ЗОИЛ и Кабли Неготино. Тоа е вистина. Ќе кажам и за невработените. Јас не знам дали се намалува. За тоа проценете вие. Во 1998 година бројката на невработени беше 258 илјади. Во мај 2000 година, бројката на невработени е 361 илјада, по вашата статистика, а не по нашата, затоа што ваши луѓе се таму.

Господине министер, мислам дека треба да имаме пред себе факт, дека примената на Законот за ДДВ, вие ја сондиравте само со искажување на процент на акцизните стоки, кои што учествуваат во вкупно прибраните средства од ДДВ. Но, јас ќе ве потсетам дека ДДВ со општа стапка е воведен на бројни производи, кои што дотогаш имаа повластена стапка: лековите, лебот, брашното, земјоделието, телефоните, електричната енергија. Зошто не ги презентирате тие показатели. Па ќе дојдеме не до 22% во структурата на учеството, туку до 100% во формирање на суфицитот на Буџетот.

Така да, станав да полемизирам, заради една цел: да се каже она што е вистина и врз основа на искажана вистина да се носи права економска мерка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За реплика се јави г. пратеник Данило Глигороски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ:**

Јас би сакал да реплицирам само на еден податок, кој што господинот Бузлевски го спомна со инвестициите во 1997 година.

Имено, кажа дека странски инвестиции биле 117 милиони долари. Тоа е точно, меѓутоа, како член на Управниот одбор на Македонски телекомуникации, многу ме интересираше какви договори и што се правело во областа на финансиите во тој период. Точно е тоа дека има 117 милиони странски инвестиции. 50 милиони долари отпаѓаат на кредит што тогашната Владата го земала, како гарант дека Македонските телекомуникации ќе се приватизираат во 1998 - 1999 година, па потоа се пролонгираше до 2000 година.

Значи, тие 117 милиони долари, што цело време ги кажувате дека биле странски инвестиции, не е точно. 50 милиони долари е земено на име, а ги имаме тие документи во архивите на Македонски телекомуникации. Се зема задолжение за Македонски телекомуникации дека ќе бидат приватизирани. Не се 117 милиони вистинскиот импут во македонската економија.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Господине Глигороски, има една вистина. Употребувајте термини, што се логични во економијата. Јас спомнав странски инвестиции, вие спомнавте кредит. Странските инвестиции се странски инвестиции. Кредитот на Телеком е кредит. Така да, јас ве информирам дека во бројката 117,5 милиони долари, не е внесен кредитот што е користен од Телеком во фаза на одвивање на процесот на приватизација, затоа што тоа е кредит, не е инвестиција.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот министер сака да се вклучи во расправата и нешто да дообјасни.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Навистина, не може да се одговори на секој неточен податок што се изнесува тука, бидејќи постојано би требало тоа да го правам да се јавувам после секој дискутант, по 20 мин., меѓутоа, јас би сакал да укажам на неколку моменти.

Прво, намалувањето на ликвидноста, односно долговите помеѓу компаниите е еден од нај експлотираните податоци во последните две години. На 31.12.1998 година, по таа мулти конвензација итн., се што се заврши, неликвидноста или вкупните долгови во стопанството изнесуваа околу 18 милијарди денари.

Следната година, 1999 година, по најтешката година во Македонија за стопанството, поради косовската криза, година во која што многу партнери надвор на Република Македонија ја напуштија соработката со нашите компании, кога извозот и увозот се намалија, оваа бројка е драматично зголемена на 31 милијарда денари, што е факт. Меѓутоа, се има свои оправдувања. Тоа е година на косовската криза. Тоа е многу тешка економска година, која е нерелевантна за споредување.

Оваа година од 1.01. до 30.06. имаме зголемување на вкупните долгови од само 600 милиони денари. Значи, внимавајте, нема ни една милијарда, 18 милијарди на крајот на 1998 година 31 милијарда на крајот на 1999, до средината на оваа година имаме дополнителни 600 милиони, што е занемарливо зголемување. Тоа е друго, акоземеме колку од тие фирми не постојат, долговите си стојат, а тие немаат шанси да се вратат, на пример престанува таа компанија итн., што е предмет на дополнителна анализа што треба да се направи, меѓутоа, би сакал овој податок да се прими од соговорниците тука во Парламентот, да се има на ум, кога се кажуваат работите дека ДДВ, само што се вовело ја зголемило неликвидноста.

Нешто беше зборувано околу странските директни инвестиции, кои што според проекцијата оваа година треба да изнесуваат околу 104 милиони долари. Се работи за инвестиции, односно пари кои делумно влегуваат во Буџетот, а делумно кои што се чисти приватни инвестиции, кои што нема никаква врска со Буџетот. Постои можност оваа бројка да биде надмината, што е исклучително добра бројка. Така што, тоа е тоа што би можел да одговорам. Инаку, има многу нешто да кажеме индустријата и рударството немало раст или не знам што, бидејќи претходниот говорник има податок само од првиот квартал, јас го

имам податокот од првото полугодие, што има два квартала и можам да кажам дека учеството на ново создадената вредност во индустријата и рударството е 10.7%. Физичкиот обем на производството е до 6%. Така што, тоа се бројки кои што треба да се респектираат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. министер за финансии за дадените објаснувања.

Има збор г. пратеник Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Влада.

Пред да почнам со моето размислување околу точката на дневен ред, сакам да кажам дека навистина, можеби е и хендикеп да се дискутира по оваа тема, покрај некои навистина еминентни дискутанти, кои се експерти во областа на финансиите и навистина има одлични дискуси и аргументирани размислувања во оваа област. Меѓутоа, точката на дневен ред денеска е многу значајна за сите граѓани на Република Македонија и сметам дека ние како претставници на граѓаните на Република Македонија, треба да ги искажеме мислењата за оваа и те како важна точка.

По мене, исто така, сакам да кажам дека е многу нејасна конфузијата на Владата на Република Македонија, околу предлагањето на точките на дневниот ред. Имено, пред 3 недели, до еден месец, ние имавме дилема дали да ги ставиме точките кои беа актуелни пред месец дена, околу настаните во предизборието, заради точката околу Законот за одбрана. Навистина, тогаш главен аргумент околу размислувањето беше Законот за одбрана дека е итен, дека мора да го исполни акциониот план, дека 30 септември е оној краен рок кога треба да се донесе и со напуштањето на опозицијата и на луѓето кои не сакаа да го постават на дневен ред и кои не сакаа да расправаат околу Законот за одбрана, пред дискусијата на локалните избори, се искажаа многу квалификации дека сите они кои не сакаа да го стават Законот за народна одбрана, се отприлика квалификации, антиевропски расположени, или немаат слух за националните интереси на Република Македонија и сега наеднаш доаѓа предлог на Владата, во кој набрзина се наведува еден предлог, на дневен ред да се стави суфицитот на Буџетот на Република Македонија, без да можат пратениците тој предлог на распределба на суфицитот да го разгледаат, а не се става Законот за одбрана, и тука некако Владата ја губи својата принципиелност. Ние тука имавме излагање од министерот Пауновски, едно долго излагање колку итно да се стави таа точка на дневен ред, ја губи принципиелноста во поставувањето на точките на дневен ред и мене ми ја внесува таа конфузија и размислување. Навистина сметам дека можеше да се постави таа точка на дневен ред за одбрана, а пратениците за тоа време ќе имаат доволно време да го разгледаат овој проект околу Буџетот, за што се жалеа претходните говорници во голем дел.

Меѓутоа, да поминам на темата. На дневен ред е прашање и проект од извонредно економско, политичко, социјално и друго значење за Република Македонија и нејзините граѓани.

Самиот проект вкупно е вреден над милијарда и деветстотини милиони германски марки и е најважен економски инструмент и инструмент на сите политички активности во Република Македонија.

За жал, како што напомнав на почетокот, за еден таков проект ние тука без објасниви причини моравме да решаваме по итна постапка, брзо, без подготовка, што сметам дека не е добро, а до собирањето на материјалите, навистина имаше нетранспарентност на Владата и на Министерството за финансии, што исто така, секако е за критика. И таа нетранспарентност на Владата и на Министерството за финансии во врска со овој проект создава и ќе создава низа контраверзии и шпекулации кај стручњаците, кај граѓаните на Република Македонија. Тие навистина, долго време немаа валидни информации околу проектот, а и сегашните информации навистина е за осуда дека во средствата за јавно информирање, излегува веќе Ребалансот на Буџетот на Република Македонија, скоро во сите весници, кој не е усвоен од Парламентот на Република Македонија, што претставува уште едно дезавуирање на функцијата на Парламентот на Република Македонија. Значи, во средствата за јавно информирање се објавува Ребаланс на Буџетот и распределба на средствата, кои што не се усвоени овде.

Самиот закон, секој граѓанин на Република Македонија го чини просечно

над деветстотини германски марки, а тоа заслужува посебно внимание, бидејќи овој дел од суфицитот некаде е распределбата на тие 250 германски марки по жител.

Инаку, сведоци сме дека Македонија се наоѓа во длабока економска и социјална криза, дека има над триста дваесет илјади невработени, над 70 илјади семејства се на работ на животната егзистенција, пад на платите, над 120 илјади вработени не земаат плати повеќе од 3 месеци, неликвидно стопанство, а од друга страна, преполн Буџет, со што ги ставивме во заблуда не само домашните стручњаци и експерти и граѓаните, туку и странските, посебно ММФ и Светската банка и не е чудо што не склучија аранжман во овој момент со нас.

Прашање е дали овој предложен Буџет, може да реши некои од горчливите проблеми на граѓаните и прашање е дали ваквиот начин на распределба на Буџетот, ќе ги зголеми тие тешки проблеми во Република Македонија.

За жал, морам да констатирам дека вака предложениот Буџет, ќе ја зголеми економската и социјалната криза во Република Македонија, ќе создаде предуслови за зголемување на невработеноста, ќе ја зголеми неликвидноста на стопанството, ќе го намали економскиот развој. Значи, Македонија ќе ја врати назад.

Премиерот и министрите во Владата постојано изјавуваа за наводно, силни реформи кои ги прават, меѓутоа, практиката покажува дека ова е далеку од реформите, што може да се види јасно од предложениот Буџет и се поставува прашањето дали овој Буџет е реформски и дали во себе содржи некои реформски проект. Воглавно, одговорот е не, еве зошто. Македонија спаѓа во земјите со висока буџетска потрошувачка и општа потрошувачка, мерено низ учеството на тие потрошувачки во бруто домашниот производ.

Заради таквото ниво на буџетската потрошувачка, Македонија има проблеми со економскиот развој и со сиромаштијата. Имено, такви забелешки доаѓаат и од ММФ и од светската банка.

Според тоа, ако Македонија сака економски развој, нови вработувања и борба против сиромаштијата, ќе мора да има реформски Буџет и реформска општа потрошувачка, односно постојано намалување на учеството на буџетската потрошувачка во бруто домашниот производ.

Во програмата на ВМРО-ДПМНЕ, а тоа верувам дека тоа е и владина програма, ова прашање е многу прецизно регулирано и прецизно е кажано дека учеството на буџетската потрошувачка, во бруто домашниот производ треба да се намали за 17%. Ова е програмата на ВМРО-ДПМНЕ од 1998 година за изборите и тука експлицитно на страница 20, за оние кои не ја прочитале програмата на ВМРО-ДПМНЕ, сакам да кажам во точката за заживување на стопанството и вработувањето, точката 4 вели: “Намалување на буџетската потрошувачка за 17%, со што ќе се обезбедат средства за развој и вработување".

Проектираниот Буџет за 2000 година, изработен од претходниот министер за финансии, таа програмска определба ја почитуваше, бидејќи учеството на буџетска потрошувачка во бруто домашниот производ, во однос на 1999 година е намалена за 17%.

Што се случува со овој Ребаланс на Буџетот? Наместо буџетската потрошувачка да опаѓа за 17%, таа напротив, расте, за над 24%, што не ни се случило по последните 50 години. Дали Владата и министерот за финансии можеа да направат нешто да не ни предложат еден ваков антиреформски и негативен Буџет. Тие тоа морале да го направат, бидејќи ги обврзува програмата што ја покажав на ВМРО-ДПМНЕ, во која е прецизно кажано дека Владата се обврзува да прави избалансиран Буџет, со намалување на даноците и придонесите.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:** (Продолжение)

Значи, уште еден факт за напуштање на програмата на ВМРО-ДПМНЕ и дадените ветувања во предизборието. Можеби, уште еднаш ќе чуеме одговор од типот - ние сакаме, не дава ММФ и сл., мислам дека тоа не држи вода, не е точно.

Буџетот за 2000 година е договорен со ММФ и во тој Буџет е планирано даноците и придонесите за 2000 година да се намалат за милијарда денари. Да се изврши корекција, односно намалување на акцизите, ако приходите од ДДВ се остварат над планираните приходи од ДДВ во Буџетот. Затоа денеска на дневен ред место ребаланс на Буџетот, требаше да добиеме законски проекти за намалување на даноците и придонесите, акцизите и ако е нешто позитивно во целата работа, можеби е некоја скромна најава за такви проекти од

страна на министерот, меѓутоа тие немаат некој прецизен рок кога ќе се случуваат, како ќе се случуваат, а веќе ќе оди овој баланс на суфицитот.

Сакам да кажам уште еден антиреформски потег на Владата, инкорпориран во овој ребаланс на Буџетот.

И оние реформи што беа предвидени во Буџетот, односно планираните средства за таа намена, како што се реформите во секторот на претпријатијата и реформите на јавната администрација, се укинати. Имено, за овие реформи во Буџетот беа планирани средства во износ од 2 милијарди и 700 милиони денари. Сега, со ребалансот се укинува. Значи, тие реформи уште не почнати се укинуваат. Имено, во материјалите што ги добивте во образложението на страница 3, јасно е кажано, и истовремено се предлага намалување во вкупен износ од 2,743 милиони денари и тука се структурните реформи и реформите во јавната администрација.

Затоа сметам дека овој антиреформски предлог на Буџетот требаше да биде Предлог - Буџет усогласен со програмата на Владата, со потребите за реформите, со потребите за економски развој и вработување во Република Македонија.

Затоа, можеби требаше Владата да размислува за повлекување на овој предлог на распределба на суфицитот на Буџетот на Република Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Стојменов Златко за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Чифлиганец Ванчо.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Колеги пратеници од партијата на власт, кога се разговара за Буџетот, партиските состаноци се споредни. Така што и да задоцнам и да не бидам присутен на партискиот состанок на мојата партија на која припаѓам мислам дека ќе придонесам со дискусијата.

Почитуван претседателе, почитуван министер, за жал не сте овде присутен, колеги соработници од Министерството за финансии, колеги пратеници.

Можеби е олеснителна околност за Владата на РМ и можеби тоа е доброто, без разлика што ни го дадоа 1-2-3 дена пред закажување на седницата за ребалансот по Буџетот, односно за суфицитот, бидејќи граѓаните на РМ беа алергични на седниците на Парламентот за тие 11-12 дена, кога дискутиравме за најнемилите сцени во историјата на Македонската држава. Затоа сметам дека секоја дискусија овде, без разлика на кој пратеник, од позиција, опозиција, партија на власт или не на власт, ќе биде добронамерна, па макар да биде и критизерска, заради тоа што, сепак сакале или не сакале од нас се очекува, како законодавна власт тоа да се каже.

Морам да кажам, без разлика што имаме различити гледања со Владата на Република Македонија, поделбата на суфицитот, морам да кажам денеска и минатиот пат имавме добри дискусии токму на тој план. Дали Владата на РМ и соодветниот министер веројатно било која дискусија дали најдобра, најобјективна ќе ја помножи со некој коефициент, ќе ја прифати целата со 1,0, па макар да ја помножи со 0,2, да поприми 20% тоа ќе биде во интерес на македонската економија.

Затоа сакам денеска мојата дискусија да ја насочам на оние прашања што имаат битно влијание врз тековите на репродукцијата, особено во сферата на производството, интензивирање на економската размена со странство, поттикнување на развојот и структурните реформи. Тоа е Буџет, ребаланс, суфицит, дефицит. Ако на овие елементи на овие становишта не бидат стабилни, не можеме да разговараме за позитивен, негативен, за позитивна или негативна економија на македонската држава.

Затоа, веднаш на почетокот, сакам да кажам што е карактеристично од тековната репродукција во изминатиот деветто - месечен, десетто - месечен период за Република Македонија. И, веднаш на почетокот да кажам дека евидентно е и добро е што имаме зголемување на индустриското производство од 6 и нешто односно 6,4%. Тоа е добра работа, без разлика што јас можам сега тој податок да го девалвирам, да кажам дека е со слаба основа што се мери со истиот период од 1999 година. Тоа е точно. Но, ете имаме една позитивна цифра од 6,4%. Дури апелирам до ресорните министерства на Република Македонија, секогаш треба да ни биде репер, да не се повтори 1999 година поради НАТО агресијата на СРЈ и најмалку да се споредува било кој податок, дали се работи да покажеме успех или неуспех, туку да се споредува со планираното за 2000 година. Најмалку пак сакам да се споредува 1998 година, еве, да не ни се припише дека

друга партија била на власт. Така што 1999 година и кога зборуваме и за негативни и за позитивни резултати јас не би сакал да ја земаме понатаму за споредба.

Со што се карактеризира овој изминат период? Да дојдеме до Буџетот. Пласман на готови производи. Тој е незадоволителен, се оптоварува со дополнителни финансиски трошоци стопанството, компаниите што произведуваат. А, од друга страна, оптоварувања од разни видови, облици, што се рефлектира на Буџетот. Исто така, морам да кажам недостиг на обртни средства.

Зборуваме во сферата каде што се создава новосоздадена вредност. Новосоздадена вредност не се создава во Буџетот. Само може да имаме вишоци и недостаток. Тука нема новосоздадена вредност. Ги има 400 милиони марки, тоа не е новосоздадена вредност. Треба да биде јасно како бел ден на секој граѓанин без разлика дали е економист, хемичар, рудар, инженер итн. Секој денеска се бави со економијата. Секој знае 2+2=4. Ако имаме недостиг на обртни средства од 32 милијарди денари, што тоа значи? Обврските на претпријатијата, должничко - доверителни односи, денеска претпријатијата должат по различни основи 32 милијарди денари. Министерот кажа било 18 милијарди, па 25, па 27, па 32. Значи, денеска во Република Македонија имаме комплетно стопанство што е во стечај. 23 илјади правни субјекти се жиро - сметките... 130 илјади вработени имаме во овие 23 илјади правни субјекти. Тоа се 50% од вработените. Дали 260 илјади или 300 илјади. 38% земаат ненавремено плати. 35 земаат преку три месеци и останатите земаат - неземаат. На тој начин, сакале - несакале мораме да признаеме извршена е директна ерозија на капиталот на македонската држава. Овде, овие работи што ги реков, освен првата точка, 6,4% зголемување на физичкиот обем, нема ниту една светла точка.

И сега, од друга страна, зборуваме за оптоварување на стопанството со разни давачки за финансирање на јавната потрошувачка што е несразмерно голема. Финансирањето на јавната потрошувачка е зголемена за 22% повеќе во однос на истиот период од минатата година.

Еве, не треба да ја споредуваме, затоа што реков 1999 година не е година за репер за земање. Ваквото зголемување се должи на значителниот пораст на буџетските приходи за 37% односно над 40%. Сите буџетски приходи, фондови во државата се зголемени. А, од друга страна беспарицата, ве молам колега Александар Гештаковски да ме слушате, бидејќи тоа е витално прашање за Македонската држава, а вие како сопартиец да ме слушате, ве молам.

А, од друга страна беспарицата во стопанството во однос на истиот период минатата година се помали за 26%. Од друга страна, на жиро сметките на фондовите во буџетските приходи имаме некои 45, некој 50, над 40%. Банките, зборувате, се со намалени парични средства од 13%.

Господо, сакам да биде овде присутен со желба, веројатно ќе ми реплицира, сакам да реплицирам со колегата почитуван пратеник Стојан Андов. Ме слуша или ќе му пренесете. Јас немам секретар во Собранието, тоа не е битно, можеби колегата Стојан Андов поискусен овде, повеќе години има, со која смелост, јас знам, го респектирам и јас министерот за финансии, храбар, млад, перспективен итн., зарем можам пред ова да кажам - господине министер вие сте за пофалба. Господинот Андов рече дека е за пофалба.

Не е за пофалба. Ако ние имаме таква дубиоза во стопанството, во тековната репродукција, а во фондовите имаме 400 милиони марки, извршен е обид за атентат, отстрел на македонското стопанство. Не велам дека е тоа намерно или ненамерно. Замислете 400 милиони марки што наназад месец по месец биле 300, биле 200, биле 100, 150, стојат. Ако на ова се надоврзе дека светските камати се од 4% до 6%, а нашите банки користат од 8% до 11% и девизните заштеди што ги чуваат во странските банки плаќаат 1% осигурување, значи имаме девизен одлив на камати. Ние, место да дадеме инекции, сега го атрофираме стопанството... Нема тука пофалба. Дали била добра намерата, не е добра намерата, очигледно основните принципи, постулати во економијата не се почитуваат. Некој да биде успешен треба да му дадеш инекција да биде поуспешен. Но, ако некој животари, да му одземеш, да имаме суфицит 400 милиони марки, тоа не е добро господа колеги пратеници, а пред се господо вие колеги кои сте во ресорните министерства. Тоа треба да ви биде како бел ден јасно и пред македонската јавност, дека со таква економија во наредниот период уште повеќе ќе атрофира, ќе се умртви македонското стопанство.

Затоа што сеуште стопанството во Македонија живурка. Ќе е мртво. Но, на мртво тело било каква помош после да се дава, и 10 души да му даваат вештачко

дишење, инекции, крв итн., веќе е неповратно.

Затоа, колеги од Министерството за финансии, потребно е итно натамошно реформирање на даночниот систем, особено намалување на стапките на персоналниот данок. Тоа што го кажа министерот за финансии сега, во неговото излагање, од доход и придонеси од плати. Ако сакаме да имаме квалитетно стопанство без да приватизираме, без да продаваме компании и фирми што се профитабилни, а Буџетот да биде, не мора суфицит, позитивен, под итно да се актуелизира прашањето за доградување на Законот за ДДВ особено во делот на преиспитување на општата даночна стапка, проширување на листата на производи што се оданочуваат со повластена стапка. Тоа пред малку го кажа министерот за финансии, меѓутоа за тоа, вие господо, ресорни министерства треба со име и презиме да го кажете.

Инвестиционите вложувања, мораме да кажеме дека се добри. Покажуваат некоја позитивна нула од 5-6%. Меѓутоа, мора да се каже дека во индустријата и рударството имаме негативни инвестицони вложувања. Бруто производот, знаеме, во индустријата, во рударството колку учествува. Со години наназад знаеме и што тоа значи во наредниот период.

Ме загрижува сфаќањето на поединци овде, се ставам на услуга како што поминало преку новиот министер за финансии пола милијарда долари или марки за тој период, во индустриското производство толку е поминато како обртни средства и преку моето логицирање, со моите колеги соработници во претпријатието каде што работев, знам што значи влез – излез - валута итн. Но, не можам да сфатам дека денеска, кога го разгледуваме Буџетот, да заборавиме на извозот – увозот, односно на трговскиот дефицит што Република Македонија го има со децении, со години, а посебно сега што се влошува.

Ако имате малку повеќе време да се малку актуелизира и нашиот извоз, лон - извозните услуги учествуваат со 50%. Тоа е добро, затоа што социјалата, немирите на тој начин се покриваат. Но, мора да сфатиме тоа е најнизок доходовен трудо - интензивен извозен столб, каде што работната рака, се наплатува само работната сила. Но, реков, поради амортизација на социјалните потреси тоа е добро.

Зарем може од ова место да се заборави дефицитот од 600 милиони долари на годишно ниво? Зарем можеме овде, посебно Министерството за надворешна политика, бидејќи немаме веќе министерство за развој и трговија, сите нивни патувања, сега тоа по вторпат ќе го кажам мора да бидат тој дефицит да се намали. Не може со Република Словенија ние да имаме 22 или 27% покриеност на увозот со извозот. Што е таа роба, производ што не може да се произведе овде или ние што не можеме да извеземе во Република Словенија. Со целосен респект кон нивната креативност, способност итн., најмалку мислам да ја девалвирам нацијата, државата. Што е тоа што оваа година имаме со 25% или 30% покриеност на увозот со извозот со Република Бугарија? Трговски дефицит. Што е тоа со Германија што имаме најдобро, со СР Југославија имаме најдобро, па уште да го зголемиме?

Оваа држава нема никаква перспектива без разлика кој е на власт, дали сме ние, вие, оние, ако тој дефицит од година во година не се намалува. Ние не можеме да замислиме ако не биде барем 50% покриен увозот со извозот. 55%, а 60%, 66% како што беше во првите месеци, сакале или не сакале, самите ќе си ја пресечеме гранката на која седиме.

Дали бил крив ВМРО-ДПМНЕ, или Социјалдемократскиот сојуз на Македонија бил крив, дали ЛДП, ЛП, Социјалистичката партија, нема алиби за тоа,

господо, ние како пратеници овде што седиме и вие господо министри, помошници, заменици што седите овде, Каргов и колегата овде што седи, нека ме извини сега не можам да се сетам на името, иако го респектирам. Затоа, кога зборувавме за агрегатите на тековната репродукција, сакале - несакале, ако велиме дека сме реформисти во овие парламентарни клупи, во Владата, мора да дојде до конечно заокружување на стопанскиот систем.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (Продолжение)

Јас не мислам да зборувам што значи заокружување на стопанскиот систем и најмалку да држам за тоа предавање. Мислам дека на сите овде ни е јасно.

Понатаму, од ова место сакам да се проверам и да бидам демантиран. Се рече со дигнато чело, со храброст, немам право да кажам без срам, затоа што секој овде има право да каже, а парламентарното мнозинство и јавноста да оцени што е што.

Зборуваме дека сивата економија е сузбиена во овој 10-то или 12-то месечен период. Веднаш одговарам. Не е точно. Зошто? Затоа што 400 милиони марки да се

земени на основа на сивата економија што е сузбиена, по највисока стапка на зафаќање 25%, значи направен е промет од 1.600.000.000 германски марки. Тоа така го сфатив јас од министерот Никола Груевски. Тој така рече. Значи, оваа држава се засновувала и се засновува сеуште на сивата економија. Еве нека е сузбиена нула. Јас имам еден логичен аргумент, економски, на основа на информациите што ги добивав во овој Парламент и тоа: кажете кој ДДВ се наплаќа без да помине преку царина. Господинот Бузлевски добро дискутираше, но требаше тоа да го потенцира, бидејќи само 1% се зголемени царините. Сега ако се зголемени 1% царините, од каде ни е сузбиена сивата економија. Дајте малку да бидеме по аргументирани во тоа. Мислам дека тоа не држи и мислам дека самиот господин министер за финансии, почитуван од моја страна, да се сам етикетирате со такви негативни појави пред јавноста, не заслужувате. Можеме ние да зборуваме така или онака, но тоа мислам дека е многу депласирано, многу провидно, што не држи место да викаме дека е сузбиена. Имаме стенографски белешки, тоа што сте го рекле. Дури пак ќе кажете дека е тоа новосоздадена вредност итн. Мислам дека не може да се каже дека е сузбиена сивата економија. Таа постоела, некогаш повеќе некогаш помалку. Можеби сега и најмалку постои и камо среќа да постои најмалку. Но, мислам дека сивата економија, како што рече еден дискутант, мислам Никола Поповски, после му реплицираше Горанчо, не се ролетната пушта, сијалицата изгаснува итн. Но, можеби тој има свој човек, рампата во 12, сабајле во 5 часот, може и на бел ден да се направи и да не биде видено. Јас сум за тоа сивата економија и понатаму да ја сузбивате. За тоа имате поддршка, без разлика на која позиција сме. Но не држи место дека сивата економија е сузбиена. Јас само реков да го направите тоа и да кажете по кој основ. По тој основ е најмногу тие 400 милиони марки, а јас, вие бевте отсутни, реков по кој основ.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Реков намалена.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Во ред, прифаќам.

Господине министер Груевски, кажете кое претпријатие кое учествува во тековната репродукција во изминатите 20 месеци, во изминатите 5 години, користи кредит од 7,7%. Сега кажете едно претпријатие неповластено, бидејќи рековте дека сега каматните стапки се 7,7%.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Помеѓу банките.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Тоа е трагедијата. Јас не мешам, добро си ја знам економијата, а таа индустриската, практичната не ја знам. И статии можам да пишувам за економијата, за индустријата, од праксата.

Сега не е тоа добро, ако ние имаме 7,7% меѓу банкарски кредит. Да имаме ние плус 10%, во ред. 18% на годишно ниво. Кажав тоа каде го има. Тоа мора да биде број еден за Владата на Република Македонија, за вас како министер кој пред Владата сервирате и пред јавноста, работи. Затоа и сега претпријатијата се гушат, пропаѓаат на основа на високите, не сум пак за тоа по секоја цена. На некого да му дадеш и бесплатно кредит, ќе го изеде. Се знае што расте во туѓи трезори, во туѓи раце. Кај некого, можам да ви кажам и цвеќето може да се исуши и тоа моментално. Но, ние да имаме под број, како министерство кој се тие претпријатија кои можат со производството да ги зголемат акцизите, ДДВ и сите зафаќања, ќе му дадеме не 10, 20, 100 милиони марки, ако знаеме дека ќе донесе 15 милиони марки наредната година. Такви претпријатија има, иако за жал може на рака да се избројат. Но, некаде да даваме а тоа да пропаѓа како во бунар, мислам дека тоа не е во ред.

Господине министер, оваа тема ми е најслатка, кога зборуваме за економијата и за битието на македонската држава. Зошто еднаш не направите едно експозе. Имате меѓу банкарски кредити 7,7%. Во странство нашите банки користат од 8% до 11%. Сега за 2% е зголемена светската камата, посебно кај марките е зголемена, а нашите девизни заштеди банките ги чуваат со 4% и осигурување итн. Девизните резерви, кажете со која камата се чуваат во странство, која е квотата, под кои услови итн. Дали овде нема сеуште доволен простор да се направи максимално, затоа што ние даваме банкарски гаранции по кредитот, даваме 8% спрема светските банки, или некаде има 9%, 11% или 7%, а нашите девизни резерви некаде со 4% или 5%. Ако е деловна тајна, барем со една информација можеме да бидеме

информирани. За време на НАТО агресијата 50 или 60 милиони марки ни биле ризични. Тоа е уште полошо. Затоа како пратеник сум заинтересиран активно да учествувам. Девизните резерви мора да се водат со Владата, со Министерството за финансии, сите министерства што имаат допирни точки, сите експерти, сите институции, универзитети итн. Максимално треба да се валоризираат девизните резерви. Максимално да се валоризираат. Не сум јас за да се внесат во бунар.

Сега што понатаму. Дали е добро, дали е лошо, јас реков, можеби ќе биде добро, да не беше осиромашено стопанството, граѓаните да не беа осиромашени. Но, само по основ, тоа беше потенцирано, јас ќе кажам, Буџетот, ефектите влијанието на ДДВ во земјоделството, прехранбената и дрвната индустрија, да ви кажам со бројки.

Директни ефекти заради примената на зголемената стапка на ДДВ во примарното земјоделско производство поскапе заради ДДВ и други основи 19%. Поскапеа минералните ѓубрива, количина таа и таа. Поскапе семето за 5% и сите по разни основи. Земјоделието по основ на ДДВ, за овој изминат период, за оваа година е оптоварено со 24 милиони марки. Тоа е земено од џебот на земјоделецот. Сакале или не сакале тоа мора да го кажеме господине министер. Еве, јас имам овде имам извадено ставка по ставка. Демантирајте ме ако мислите дека не е така.

Индиректни ефекти по основ на нафта, по основ на струја итн., имаме нови 15 ДЕМ. Вкупно имаме оптоварување на примарното земјоделско производство, околу 39, јас би го заокружил на 40 милиони марки. 40 милиони марки многу значи за тој напатен народ и за таа трудо - интензивна дејност, земјоделието, бидејќи тоа е сега најнеповолната категорија на граѓани што егзистираат од сопствениот труд. И дополнително. Во 2000 година сите земјоделци се осиромашени за 40 милиони марки. Ако на ова се додаде, господа пратеници, зборуваме чија компанија кој ќе ја купи, а граѓаните, тие 200 или 300 луѓе кои живеат од земјоделието, не ги гледаме или за тоа не ни се слуша.

Цената на земјоделските производи во 2000 година, според податоците од јавното претпријатие "Агро-берза" на ден 27, таа информација ја имам по мое барање, од Владата. Зарем можеме овде да седиме, а таа категорија на луѓе, земјоделци, да не ги спомнеме. Бостанот е откупуван за 3 денари. Замислете 10 килограми бостан, една марка, а пресметајте, чини 2, 2,5 марки во овие услови сега. Пиперките 7,00 денари. Каде сме ние сега, велиме реформи. 7,00 денари на "Агро-берзата" на 27 - 2000 година се откупувани пиперките. Домати 4,00 односно 6,00 денари по килограм. Пет килограми домати една марка ќе земе земјоделецот кој произведува пиперки, бостан, домати. Пченица, господо, за еден долар ќе земе 7 килограми. Каде го има тоа. Јачменот исто така, а категорија на граѓани кои живеат, тоа се 200 илјади луѓе. Да не зборувам за тутунот, кој денес е 1 до 1,5 долар. Затоа господо, колеги пратеници, Владата на РМ, е потребна посебна стратегија што понатаму да направиме. Затоа апелирам до Министерството за финансии, до Владата, да направи едно укажување. Ова што зборува од каде во најголем дел се земени овие приходи, ако не 100% барем половично да се вратат, затоа што тие луѓе, тие дејности, не само земјоделството, има и стопански гранки кои пропаѓаат. Тоа е административно техничко однесување. Тоа најмалку личи на пазарна економија. Тоа личи исклучиво на договорна економија, и јас би рекол на економија што била после Втората светска војна.

Што понатаму.

Јас предлагам господо, веднаш, тоа ќе биде во пратеничко прашање, на земјоделците да им се вратат овие 40 милиони марки, затоа што ќе им дадеме да произведуваат за домашно производство и за извоз. На тутуно - производите во составот на овие 40 - 50 милиони марки да им дадеме по 30 денари од секој килограм продаден тутун за реколтата 1999 година. Ако имаме 400 милиони марки, за 30 милиони килограми, по една марка, тоа се 30 милиони марки. Тие луѓе ќе не сакаат како пратеници, ќе ја сакаат и власта и Владата и партијата на власта. Нив не ги интересира дали е на власт Ванчо, Трајко или Петко. Нив ги интересира еден нормален живот.

И сега сакам да кажам овде, синојка бев возбуден, кога ги гледам напатените работници во ФЕНИ кои се радуваат затоа што се продадени и некој ќе им овозможи подобар живот. Јас ги разбирам, на таа тема другпат ќе разговарам. Но, објект кој е продаден за 2 милиони долари се веселат за една основна плата од 400, 500 марки. Така и

овие луѓе на кои ќе им дадеме по една марка што им е одземено, ќе се радуваат и ќе имаме поддршка ние како пратеници, а пред се вие партиите на власт, кои донесувате одлуки, правите историски реформи. Историјата покажува, ако народот живее добро, си бил за историски одлуки.

Понатаму, да се намали невработеноста.

Го поддржувам министерот за финансии околу тоа да се намали невработеноста. Овие 400 милиони марки да се дадат со дупли, тродупли хипотеки и луѓе кои се креативни да создаваат нови работни места, да произведуваат нови технологии и нови производи, она што го увезуваме да не го увезуваме, туку да извезуваме, дефицитот да го намалиме, за секое работно место да дадеме по 2000 марки со греј период од 5 години, со минимални светски камати од 4-5%, ќе се вработат 50.000 нови лица.

Зборувам јас за 100 милиони марки. Бидете сега храбри и дајте ги овие 100 милиони марки за нова технологија, за нови вработувања. Тоа е иднината и тоа се реформските и историски чекори што ќе ги прави овој Парламент, а посебно трите партии што се на власт. Затоа предлагам, ова што сте го планирале помножете со коефициент 0,5 останатите дадете ги во нови технологии, во нови вработувања, нови фабрики, затоа што има шанса, ако не 50, нека се вработат 20-30 илјади, ќе се памети овој Парламент.

Доколку го прифатите предлогот, да се употребат средства за нови вработувања за нови технологии, јас како пратеник Ванчо Чифлиганец лично ќе станам, мимо пратеничката група да ве поддржам, а верувам дека и пратеничката група на СДСМ ќе ве поддржи.

И на крајот сакам да кажам, доколку Македонија има капитал од 400 милиони марки, значи можело граѓаните на РМ, работници, техничари, инженери, менаџери, стручњаци и политичари, во најголем дел на претпријатијата што ги продадовме на странците, да сме биле ние сопственици, ако тие при сме ги имале. Ние за 30 милиони долари продадовме нај профитабилни претпријатија. Ако веќе во Македонија постојат тие пари, зошто да биде поголем домаќин странец во Македонија, а ние и понатаму продолжуваме со продавање итн. Затоа ребалансот ќе го поддржам доколку искажаните мои предлози од оваа говорница, барем дел бидат прифатени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Ванчо Чифлиганец за неговото излагање.

Според редоследот што го имам овде на екранот, збор има пратеникот Ѓорѓи Котевски, но тој не е тука.

Имаме уште двајца дискутанти од СДСМ.

Ако се пократки во дискусијата да им дадеме збор за да можат да одат на конференцијата што ја имаат.

Има збор пратеникот Ристо Тодоров.

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Господине претседателе, членови на Влада, колеги и колешки пратеници, деновиве во фокусот на македонската јавност беа и сеуште се содржините на Буџетот на РМ. Настрана од тоа, не останаа ниту институции на системот чии интерес беше засегнат. Немаше општествен слој и граѓанска структура која не се обиде да даде свое видување по ова прашање. Медиумите пак, секој според својата наклонетост не пропуштија шанса да го кажат своето мислење и да понудат решение. Се на се, денешната содржина од работата на Собранието е настан во кои е свртено вниманието на јавноста. Во сета таа насоченост на вниманието, може да се препознаат интересите на разни групации, асоцијации, здруженија и слично. Интересот не е предизвикан само од содржината на самата точка што ја имаме на дневен ред, туку од природата на содржината, а таа вели дека не се работи за обичен ребаланс на Буџетот, туку се работи за сума од 400 милиони марки. Во предлогот таа вели. За распоредување по ставките на Буџетот може да се смета на околу 230 милиони марки. Тие средства се распоредени по повеќе позиции. Таму има средства за намалување сиромаштијата за социјално загрозените семејства, за алиментирање на останатите надоместоци, за невработените, за детски додатоци, за хендикепираните лица од сферата на социјалната политика. Предвидени се средства за исплата на старите штедни влогови и нивните камати. Не се заборавени ниту пензионерите. Еден дел од средствата е предложено преку НБ на РМ да одат за кредитирање на стопанството и за исплата на обврзниците на Стопанска банка.

**РИСТО ТОДОРОВ:** (Продолжение)

Тоа е предлогот на Владата, тој е осветлен од сите страни и подложен на секакви анализи, па не би сакал да давам

свој придонес во тоа. Сакам само да направам едно потсетување кое, можеби требаше да биде предмет на интерес на Министерството кое го води г-динот Марјан Горчев и Министерството кое го води г-динот Тони Поповски. Но, тие деновиве како да не работат на иста бранова должина и разбирливо е што не успеале да ги искоординираат ставовите. Еве, за што се работи.

Последните 10 години, а едно време и пред тоа во овој дом без разлика на неговата уставно - политичка, а и незнам каква друга поставеност многу време и труд се потрошија за алиментирање по несреќното Дојранско Езеро. Моментите секогаш завршуваа со заклучоци, се разбира, едногласни за добри проекти кои нудат некаква иднина за езерото за кое во тој момент недостасуваа средства од државната каса. Мигот со кој располагаме е прекрасна шанса со парите што ги има државата да реализираме некои од проектите за спас на Дојранското Езеро. Со тоа ќе покажеме дека нашите заложби за спас на езерото не се само декларативни, туку дека се искрени и вистински. Мислам дека последните случувања со и околу Охридското Езеро ќе бидат добра основа за добивање на наклонетоста на јавноста за донесување одлука со која еден мал дел од средствата за кои расправаме, ќе бидат наменети за проект со кој ќе му се помогне на Дојранското Езеро да надживее оваа генерација Македонци и да не исчезне од географската карта. Друга ваква шанса на нашата генерација ниту во било кој состав на Собранието на РМ, ќе нема. Затоа шансата има историска димензија.

Го молам министерот Тони Поповски, заради спецификација на неговиот ресор и министерот Марјан Горчев, заради задолженоста на неговиот ресор, да застане зад овој мој предлог, за да не се пропушти шансата.

0д име на граѓаните од Источна и Југоисточна Македонија, барам од премиерот Љубчо Георгиевски, да ги искористи сите привилегии што му ги дава функцијата и да се заложи овој предлог да биде земен на разгледување во Владата.

Владата во целина и поединечно секој нејзин член да излезе во пресрет на барањето зад кое, велам, нема да има граѓанин на РМ кој нема да застане и зад потребите и проектите за спасување на Дојранското Езеро, да предложи издвојување на средства со ребалансот на Буџетот за оваа година.

Затоа почитувани колеги и колешки пратеници, ве молам да ме поддржите во настојувањето предлогот да биде земен во предвид и да се изјасните за него, ако се покаже за потребно. Тоа е моја прва сугестија до Владата и Собранието.

Втората сугестија е поврзана со можеби позначајна стопанска гранка на РМ, а тоа е земјоделието. Незнам зошто министерот Марјан Горчев не се заложи за ова иако Македонија покрај другото, голема надеж за излегување од економската криза гаи и во заживување во земјоделието во сите негови гранки, па би било ред на земјоделието да му се пружи должно внимание.

Слушајќи и читајќи ги извештаите на подрачните единици на Министерството за земјоделие, може да се извлече заклучок, дека годинава земјоделците не ќе можат да ги посеат и засадат површините планирани за есенска сеидба заради висината на трошоците со кои се соочуваат при сеидбата.

Прво, тоа значи дека селата односно руралните средини, ќе бидат изложени на натамошно осиромашување, што нема да оди во прилог на настојувањата за ревитализација на селата и за оживување на пасивните краишта, кои главно се разместени по ритско - планинските реони.

Ова е во спротивност со поранешните акции и иницијативи со конкретни програми и средства за поттикнување на развојот на тие краишта. Праксата покажа дека мора да има поврзаност меѓу сличните и исто наменските програми и проекти, мора да има континуитет во нивната реализација. Овој момент неможе да се гледа само од аспект на селото, зошто тие се само алка од синџирот, кој како да биде распостелуван на крајот секогаш се сведува на свој заеднички именител наречен економија и тоа во нејзиниот најчувствителен дел - стратешкиот.

Затоа нашето внимание ниту за момент несмееме да го свртиме од тој сегмент од нашето живеење.

Ги следам акциите кои на многу домашни производи треба да им го прикажат знакот "Македонско сонце" и на тој начин да се дојде до можноста за напредок на стопанството. Додека се случи тоа, а се надевам ќе се случи наскоро, да не ги запоставиме стопанските гранки кај кои знакот "Македонско сонце" се подразбира, бидејќи тие се самото тоа. Станува збор за лозарството и градинарството. Грозјето и виното се нашиот знак за распознавање. Во

настојување да им се помогне на лозарите им беше ветено дека ќе им се надомести еден денар разлика во цената за секој килограм откупено бело грозје. Тој денар на лозарите не им е исплатен. Ова е добра шанса, доколку нема други средства од суфицитот во Буџетот да се издвојат пари и за таа намена.

Градинарите кои се бават со оранжериско производство, се соочуваат со енормни цени на мазутот кои од 6 денари 1998 год, деновиве стаса до цена од над 15 денари за килограм и тоа без превоз. Градинарите го користат мазутот за затоплување на оранжериите, но со таква цена на греењето, производството од оранжериите станува неподносливо скапо. Без разлика на поволностите што ни се нудат со разно - разни билатерални или мултилатерални договори и спогодби за трговски и царински бенефиции и погодности цената на горивото и цената на репроматеријалите и другите трошоци на производството ги прават рано градинарските производи неконкурентни.

Регистрирањето на дел од вишокот средства во Буџетот кај земјоделците или не, стекнување приходи во Буџетот по разни даночни основи, од кои ќе бидат ослободени репроматеријалите, заштитните средства и горивата, ќе придонесе за помошта што треба да им се даде на земјоделците, кои не се во мал број во државата.

Помогнувајќи ги нив државата индиректно влијае и на подобрување на социјалната компонента во сеопштото милје на РМ, бидејќи руралните средини водат на списокот на социјално загрозените групи граѓани. Ова и оди во прилог на Владата, чија тенденција е ребалансот на Буџетот да биде правен по лев и социјалистички модел. Затоа, уште едно искрено молам, овие мои предлози да бидат земени во предвид. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Ристо Тодоров.

Збор има последниот дискутант во расправата во начело што ја водиме.

Но, имаме уште еден и Слободан Даневски се јавува.

Тогаш ќе ве молам, го почитувам ставот на СДСМ, денеска ќе ја прекинеме расправата, а ќе ја продолжиме во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,15 часот).